# СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 48 | Год. LXV | Понеделник, 13 април 2009 | Цена на овој број е 190 денари

www.slvesnik.com.mk | contact@slvesnik.com.mk


## СОДРЖИНА


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 841. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за основање на Универзитет за информатички технологии во Скопје.................................................... | 2 |
| 842. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување.................................................... | 2 |
| 843. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за основање на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија........................................................ | 7 |
| 844. | **Одлука** за избор на член на Советот за радиодифузија.................................. | 11 |
| 845. | **Исправка** на Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон.... | 12 |
| 846. | **Објава** од Министерството за надворешни работи....................................... | |
| 847. | **Наредба** за забрана за ставање во употреба на ќеси за транспорт на стоки изработени од пластични маси во продавници, магацини, складови, деловни простори, зелени пазари и посебни пазари каде што се врши трговија на мало на прехранбени производи и во продавници и киосци каде се врши трговија на мало на ситни производи за лична потрошувачка...................................................... | 12 |
| 848. | **Одлука** на Уставниот суд на Република Македонија, У.бр. 179/2008 од 8 април 2009 година................................ | 13 |
| 849. | **Одлука** на Уставниот суд на Република Македонија, У.бр. 212/2008 од 1 април 2009 година................................ | 13 |
| 850. | **Одлука** на Уставниот суд на Република Македонија, У.бр. 244/2008 од 1 април 2009 година................................ | 16 |
| 851. | **Оглас** од Судскиот совет на Република Македонија....................................... | 18 |
| 852. | **Одлука** за определување продажна цена на природен гас во вториот квартал од 2009 година................................ | 18 |
| 853. | **Одлука** за определување највисоки цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно Методологијата..... | 19 |
| 854. | **Правилник** за формата и содржината на легитимацијата на контролорите како и начинот на нејзино издавање и одземање............................................... | 20 |
| 855. | **Објава** за просечната месечна плата по работник за месец март 2009 година | 21 |
| | **Огласен дел**.......................................... | 1-56 |

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**841.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

### У К А З
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Универзитет за информатички технологии во Скопје,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 10 април 2009 година.

Бр. 07-1779/1
10 април 2009 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

### З А К О Н
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Член 1

Во насловот на Законот за основање на Универзитет за информатички технологии во Скопје ("Службен весник на Република Македонија" број 81/2008), зборовите: "во Скопје" се бришат.

Член 2

Во членот 1 точка 2 зборовите: "мрежни и комуникациски технологии" се заменуваат со зборовите: "комуникациски мрежи и безбедност".

Во точката 3 по зборот "за" се додаваат зборовите: "машинска интелегенција и".

Во точката 4 зборовите: "технологии за информатичко општество" се заменуваат со зборовите: "информатички системи, визуелизација, дигитална мултимедијална и анимациска техника".

Точката 5 се менува и гласи:

"5. Факултет за информациони теории и анализи."

Точките 6, 7, 8 и 9 се бришат.

Член 3

Во членот 3 став 2 зборот "Скопје" се заменува со зборот "Охрид".

Член 4

Во членот 4 став 1 зборовите: "под точките 1, 2, 4, 5 и 6" се бришат, а броевите "2008/2009" се заменуваат со броевите "2009/2010".

Ставот 2 се брише.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

### L I G J
### PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR THEMELIMIN E UNIVERSITETIT PËR TEKNOLOGJI INFORMATIKE NË SHKUP

Neni 1

Në titullin e Ligjit për themelimin e Universitetit për Teknologji Informatike në Shkup ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 81/2008), fjalët: "në Shkup" shlyhen.

Neni 2

Në nenin 1 pika 2 fjalët: "teknologji rrjeti dhe komunikative" zëvendësohen me fjalët: "rrjete komunikative dhe siguri".

Në pikën 3 pas fjalës "për" shtohen fjalët: "inteligjencë makinerie dhe".

Në pikën 4 fjalët: "teknologjitë për shoqëri informatike" zëvendësohen me fjalët: "sisteme informatike, vizuale, teknikë multimediale dhe animuese".

Pika 5 ndryshon si vijon:

"5. Fakulteti për Teori Informatike dhe Analiza."

Pikat 6, 7, 8 dhe 9 shlyhen.

Neni 3

Në nenin 3 paragrafi 2 fjala "Shkupi" zëvendësohet me fjalën "Ohri".

Neni 4

Në nenin 4 paragrafi 1 fjalët: "nënpikat 1, 2, 4, 5 dhe 6" shlyhen, ndërsa numrat "2008/2009" zëvendësohen me numrat "2009/2010".

Paragrafi 2 shlyhet.

Neni 5

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e shpalljes në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**842.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

### У К А З
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 10 април 2009 година.

Бр. 07-1778/1
10 април 2009 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

# З А К О Н
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување ("Службен весник на Република Македонија" број 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007 и 88/2008), во членот 3 точка 5 потточка а) зборовите: "можат да влијаат посредно или непосредно" се заменуваат со зборовите: "може да има посредна или непосредна контрола".

Во потточката б) зборовите: "може да влијаат посредно или непосредно" се заменуваат со зборовите: "може да има посредна или непосредна контрола".

Во потточката г) зборовите: "или лица" се заменуваат со зборовите: "или правно лице".

По точката 5 се додава нова точка 5-а, која гласи:

"5-а) "Контрола" во смисла на точката 5 од овој член е кога едно лице:

а) директно или индиректно поседува мнозински влог во друго правно лице, или

б) директно или индиректно поседува мнозинство од правата на глас во друго правно лице, или

в) има право да назначува и разрешува мнозинство членови на органите на управување на друго правно лице, директно или индиректно, вклучувајќи и склучен договор со еден или повеќе акционери на другото правно лице за отстапување или здружување на нивните права на глас заради остварување заеднички интереси или

г) има право да остварува, директно или индиректно, значително влијание врз управувањето и донесувањето на политиките и финансиските и деловните одлуки на друго правно лице."

Член 2

Во членот 16 по ставот (6) се додава нов став (7), кој гласи:

"(7) Агенцијата поблиску го уредува начинот на спојување и присоединување на друштва за управување со задолжителни пензиски фондови."

Член 3

Во членот 20 став (1) точка в) зборовите: "склучување договори за" се заменуваат со зборот "земање".

Член 4

Во членот 22 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

"(3) Агенцијата ја пропишува содржината на надворешната ревизија на пензиските друштва во согласност со меѓународните стандарди."

Член 5

Членот 39-ж се менува и гласи:

"(1) Сите измени на акционерите, членовите на управниот и надзорниот одбор, одговорните лица или измени и дополнувања на документите и податоците наведени во членот 39-в од овој закон, подлежат на претходно одобрение од страна на Агенцијата, освен ако измените се надвор од контролата на друштвото, а тоа ги презело сите потребни мерки за спречување на тие промени. За измените настанати надвор од контрола на друштвото, тоа е должно да ја извести Агенцијата.

(2) Агенцијата ги цени измените од ставот (1) на овој член согласно со одредбите за исполнување на условите од членот 39-г на овој закон."

Член 6

Во членот 39-з став (1) зборовите: "и 143 став (4)" се бришат.

Член 7

Во членот 47 став (1) точка а) во шестиот ред по зборот "издава" и запирката се додаваат зборовите: "повлекува или укинува".

Во точката ж) по зборот "агенти" се додаваат зборовите: "и регистар на членови".

По точката ѕ) се додаваат две нови точки и) и ј), кои гласат:

"и) ги обработува личните податоци согласно со прописите со кои се уредува заштитата на личните податоци;

ј) бара и дава лични податоци на користење согласно со прописите со кои се уредува заштитата на личните податоци;"

Точките и), ј), к), л) и љ) стануваат точки к), л), љ), м) и н).

Член 8

Во членот 53 став (5) зборот "неправилности" се заменува со зборот "незаконитости", зборот "друштво" се заменува со зборовите: "пензиско друштво".

Член 9

Во членот 54 став (2) втората реченица се менува и гласи: "По добивањето согласност од Владата на Република Македонија извештајот се доставува за информирање на Собранието на Република Македонија."

Член 10

Во членот 56 став (3) зборот "друштво" се заменува со зборовите: "пензиско друштво".

Точката д) се менува и гласи:

"д) надомест за обука и организирање на испит;".

Член 11

Во членот 75 став (3) точка в) по зборот "друштвата" се додаваат зборовите: "и друштва за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови".

Член 12

Во членовите 83 став (3), 106 ставови (1) и (2) и 108 став (1) точка е) зборовите: "по претходно мислење од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија" се бришат.

Член 13

Во членот 92 се додава нов став (3), кој гласи:

"(3) Купувањето пензиски ануитет и исплата на акумулираните средства согласно со ставовите (1) и (2) на овој член може да се изврши по навршување на 65 години на живот."

Член 14

Во членот 94 став (3) зборовите: "во форма на брошура" се бришат.

Член 15

Во членовите 96 став (1) и 98 став (1) по зборот "друштвото" се додаваат зборовите: "и друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови".

Член 16

Во членот 105 став (1) точки ѕ), и) и ј) зборовите: "Јапонија или САД" се заменува со зборовите: "земјите членки на ОЕЦД".

Во точката к) зборовите: "Јапонија или САД" се заменуваат со зборовите: "земјите членки на ОЕЦД, а во четвртиот ред зборот "акции" се заменува со зборовите: "хартии од вредност".

Ставот (4) се брише.

Член 17

Во членот 106 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

"(3) Агенцијата го пропишува највисокиот износ на вложувања во инструменти од иста економска група регистрирана во Република Македонија, земјите членки на Европката унија или земјите членки на ОЕЦД."

Ставовите (3), (4), (5) и (6) стануваат ставови (4), (5), (6) и (7).

Член 18

Во членот 107 став (1) точка а) бројот "20%" се заменува со бројот "30%", а бројот "10%" со бројот "20%".

Член 19

Во членот 108 по точката д) се додава нова точка ѓ), која гласи:

"ѓ) банкарски депозити во банки кои се акционери на друштвото или друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови;".

Точката ѓ) и е) стануваат точки е) и ж).

Член 20

Во членот 109 став (1) се додава нова реченица, која гласи: "Друштвото до Агенцијата доставува месечни извештаи за преземените мерки за усогласување на инвестиционите активности."

Ставот (4) се менува и гласи:

"На барање на друштвото или друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови, доставено во рок од најмалку 60 дена пред датумот на истекот на рокот од ставот (3) на овој член, Агенцијата има право да го продолжи рокот од ставот (3) на овој член за најмногу шест месеца, ако тоа продолжување е неопходно заради заштита на интересите на членовите на задолжителниот пензиски фонд."

Член 21

По членот 112 се додава нов член 112-а, кој гласи:

"Член 112-а

(1) Секое друштво кое управува со задолжителен и/или доброволен пензиски фонд треба да има документ за инвестициона стратегија и да врши негово ревидирање најмалку на секои три години.

(2) Документот за инвестициона стратегија особено треба да содржи методи за мерење на инвестициониот ризик, процеси за управување со ризик и стратегиска распределба на средства.

(3) Агенцијата поблиску ја уредува содржината на инвестиционата стратегија."

Член 22

Во членот 133 став (3) точка 9 зборовите: "членот 39-е" се заменуваат со зборовите: "членот 39-ж".

Член 23

Во членот 134 став (1) точка 15 зборовите: "инвестира средства од задолжителниот пензиски фондт" се заменуваа со зборот "постапи".

Член 24

Членот 139-а се брише.

Член 25

Чувар на имот на задолжителниот пензиски фонд со кој управува друштво или друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови основано до влегување во сила на овој закон е Народната банка на Република Македонија.

Во рок од шест месеца од влегувањето во сила на овој закон друштвата од ставот 1 на овој член треба да изберат чувар на имот на задолжителниот пензиски фонд согласно со членовите 115 и 116 од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување ("Службен весник на Република Македонија" број 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007 и 88/2008).

До изборот на чувар на имот од ставот 2 на овој член друштвото за управување со задолжителни пензиски фондови и друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови ја известува Агенцијата за инструментите во кои планира да ги инвестира средствата на задолжителниот пензиски фонд со кој управува.

Агенцијата продолжува да води евиденција на дозволени финансиски инструменти за инвестирање на средствата на задолжителните пензиски фондови до пренесување на улогата на чувар на имот од Народната банка на Република Македонија на банка.

Член 26

Членот 19 од овој закон не се однесува на банкарските депозити вложени во банки до денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 27

Членот 27 став 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување ("Службен весник на Република Македонија" број 88/2008) се брише.

Член 28

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување.

Член 29

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

# L I G J
# PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR SIGURIM TË DETYRUESHËM PENSIONAL ME FINANCIM KAPITAL

Neni 1

Në Ligjin për sigurim të detyrueshëm pensional me financim kapital ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007 dhe 88/2008) në nenin 3 pika 5) në nënpikën a) fjalët: "mund të ndikojnë direkt ose indirekt" zëvendësohen me fjalët: "mund të ketë kontroll direkt ose indirekt ".

Në nënpikën b) fjalët: "mund të ndikojnë direkt ose indirekt ", zëvendësohen me fjalët: "mund të ketë kontroll direkt ose indirekt ".

Në nënpikën g) fjalët: "ose persona" zëvendësohen me fjalët: "ose person juridik".

Pas pikës 5 shtohet pikë e re 5-a si vijon:

"5-a) "Kontrolli" në kuptim të pikës 5 të këtij neni është kur një person:

a) direkt ose indirekt posedon depozitën shumicë në person tjetër juridik; ose

b) direkt ose indirekt posedon shumicën e të drejtave të votës në person tjetër juridik; ose

v) ka të drejtë të emërojë dhe shkarkojë shumicën e anëtarëve të organeve për administrim të personit tjetër juridik, direkt ose indirekt, duke lidhur kontratë me një ose më tepër aksionarë të personit tjetër juridik për kalimin ose bashkimin e të drejtave të tyre të votës me qëllim të krijimit të interesave të përbashkëta; ose

g) ka të drejtë të realizojë, direkt ose indirekt, ndikim të konsiderueshëm mbi administrimin dhe miratimin e politikave dhe vendimeve financiare dhe afariste të personit tjetër juridik."

Neni 2

Në nenin 16 pas paragrafit (6) shtohet paragraf i ri (7) si vijon:

"(7) Agjencia së afërmi e rregullon mënyrën e lidhjes dhe bashkimit të shoqërive për administrim me fonde të detyrueshme pensionale."

Neni 3

Në nenin 20 paragrafi (1) pika v) fjalët: "lidhje të kontratave për" zëvendësohen me fjalën "marrje".

Neni 4

Në nenin 22 pas paragrafit (2) shtohet paragraf i ri (3) si vijon:

"(3) Agjencia e përcakton përmbajtjen e revizionit të jashtëm të shoqërive pensionale në pajtim me standardet ndërkombëtare."

Neni 5

Neni 39-zh ndryshon si vijon:

"(1) Të gjitha ndryshimet e aksionarëve, anëtarëve të këshillit drejtues dhe mbikëqyrës, personat përgjegjës ose ndryshimet dhe plotësimet e dokumenteve dhe të të dhënave të shënuara në nenin 39-v të këtij ligji, i nënshtrohen lejes paraprake nga ana e Agjencisë, përveç nëse ndryshimet janë jashtë kontrollit të shoqërisë, kurse i i ka ndërmarrë të gjitha masat e nevojshme për parandalimin e ndryshimeve. Për ndryshimet e krijuara jashtë kontrollit të shoqërisë, ajo është e obliguar ta njoftojnë Agjencinë.

(2) Agjencia i vlerëson ndryshimet nga paragrafi (1) të këtij neni në pajtim me dispozitat për plotësimin e kushteve nga neni 39-g të këtij ligji."

Neni 6

Në nenin 39-z paragrafi (1) fjalët: "dhe 143 paragrafi (4)" shlyhen.

Neni 7

Në nenin 47 paragrafi (1) pika a) në rreshtin e gjashtë pas fjalës "lëshon" dhe presja shtohen fjalët: "tërheq ose pezulloj"

Në pikën zh) pas fjalës "agjentë" shtohen fjalët: "dhe regjistri i anëtarëve".

Pas pikës x) shtohen dy pika të reja i) dhe j) si vijon:

"i) i përpunon të dhënat personale në pajtim me dispozitat me të cilat rregullohet mbrojtja e të dhënave personale;

j) kërkon dhe jep të dhëna personale për shfrytëzim në pajtim me dispozitat me të cilat rregullohet mbrojtja e të dhënave personale."

Pikat i), j), k), ll) dhe l) bëhen pika k), ll), l), m), dhe n).

Neni 8

Në nenin 53 paragrafi (5) fjala "parregullsi" zëvendësohet me fjalën "paligjshmëri", fjala "shoqëri" zëvendësohet me fjalët: "shoqëria pensionale".

Neni 9

Në nenin 54 paragrafi (2) fjalia e dytë ndryshon si vijon: "Pas marrjes së pëlqimit nga Qeveria e Republikës së Maqedonisë raporti i dorëzohet për informim Kuvendit të Republikës së Maqedonisë."

Neni 10

Në nenin 56 paragrafi (3) fjala "shoqëri" zëvendësohet me fjalët: "shoqëria pensionale".

Pika d) ndryshon si vijon:

d) "kompensim për trajnimin dhe organizimin e provimit".

Neni 11

Në nenin 75 paragrafi (3) në pikën v) pas fjalës "shoqëritë" shtohen fjalët: "edhe shoqëritë për administrim me fondet pensionale të obligueshme dhe vullnetare".

Neni 12

Në nenin 83 paragrafi (3), 106 paragrafi (1) dhe (2) dhe 108 paragrafi (1) pika e) fjalët: "pas mendimit paraprak nga Komisioni për letra me vlerë të Republikës së Maqedonisë" shlyhen.

Neni 13

Në nenin 92 shtohet paragraf i ri (3) si vijon:

"(3) Blerja e anuitetit pensional dhe pagesa e mjeteve të akumuluara në pajtim me paragrafin (1) dhe (2) të këtij neni mund të bëhet pas moshës 65 vjeçare të jetës."

Neni 14

Në nenin 94 paragrafi (3) fjalët: "në formë të broshurës" shlyhen.

Neni 15

Në nenin 96 paragrafi (1) dhe 98 paragrafi (1) pas fjalës "shoqëria" shtohen fjalët: "dhe shoqëria për administrim me fondet pensionale të obligueshme dhe vullnetare".

Neni 16

Në nenin 105 paragrafi (1) në pikat x),i) dhe j) fjalët: "Japonia ose SHBA" zëvendësohen me fjalët: "vendet anëtare të OECD".

Në pikën k) fjalët: "Japonia ose SHBA" zëvendësohen me fjalët: "vendet anëtare të OECD-së, ndërsa në rreshtin e katërt fjala "aksione" zëvendësohet me fjalët: "letra me vlerë".

Paragrafi (4) shlyhet.

Neni 17

Në nenin 106 pas paragrafit (2) shtohet paragraf i ri (3) si vijon:

"(3) Agjencia e përcakton shumën më të lartë të investimeve në instrumente nga i njëjti grup ekonomik i regjistruar në Republikën e Maqedonisë, vendet anëtare të Unionit Evropian ose vendet anëtare të OECD".

Paragrafët (3), (4), (5) dhe (6) bëhen paragrafë (4), (5), (6) dhe (7).

Neni 18

Në nenin 107 paragrafi (1) pika a) numri "20%" zëvendësohet me numrin "30%" ndërsa numri "10%" me numrin "20%".

Neni 19

Në nenin 108 pas pikës d) shtohet pikë e re gj) si vijon:

"gj) "depozitat bankare në bankat të cilat janë aksionarë të shoqërisë ose të shoqërisë për administrim me fondet pensionale të detyrueshme dhe vullnetare;"

Pikat gj) dhe e) bëhen pika e) dhe zh).

Neni 20

Në nenin 109 në paragrafin (1) shtohet fjali e re si vijon:

"Shoqëria Agjencisë i paraqet raporte mujore për masat e ndërmarra për harmonizimin e aktiviteteve investuese."

Paragrafi (4) ndryshon si vijon:

"Me kërkesën e shoqërisë ose shoqëri për administrim me fondet pensionale të detyrueshme dhe vullnetare, të parashtruar në afat prej së paku 60 ditësh para datës së skadimit të afatit nga paragrafi (3) i këtij neni, Agjencia ka të drejtë ta vazhdojë afatin nga paragrafi (3) i këtij neni më së shumti për gjashtë muaj, nëse ky vazhdim është i domosdoshëm për shkak të mbrojtjes së interesave të anëtarëve të fondit pensional të detyrueshëm."

Neni 21

Pas nenit 112 shtohet neni i ri 112-a si vijon:

"Neni 112-a

(1) Çdo shoqëri e cila administron me fondin pensional të detyrueshëm dhe/ose vullnetar duhet të ketë dokument për strategji investuese dhe të kryejë revidimin e saj së paku në çdo tre vjet.

(2) Dokumenti për strategjinë investuese veçanërisht duhet të përmbajë metoda për matjen e rrezikut investues, proceseve për administrim me rrezikun dhe shpërndarjen strategjike të mjeteve.

(3) Agjencia për së afërmi e rregullon përmbajtjen e strategjisë investuese."

Neni 22

Në nenin 133 paragrafi (3) në pikën 9 fjalët: "neni 39-e" zëvendësohen me fjalët: "neni 39-zh".

Neni 23

Në nenin 134 paragrafi (1) në pikën 15 fjalët: "investon mjete nga fondi pensional i detyrueshëm" zëvendësohen me fjalën "vepron".

Neni 24

Neni 139-a shlyhet.

Neni 25

Rojtar i pronës së fondit pensional të detyrueshëm me të cilin administron një shoqëri ose shoqëri për administrim me fondet pensionale të detyrueshme dhe vullnetare të themeluar deri në hyrjen në fuqi të këtij ligji, është Banka Popullore e Republikës së Maqedonisë.

Në afat prej gjashtë muajsh nga hyrja në fuqi e këtij ligji shoqëritë nga paragrafi 1 të këtij neni duhet të zgjedhin rojtar të pronës së fondit pensional të detyrueshëm në pajtim me nenin 115 dhe 116 nga Ligji për sigurimin të detyrueshëm pensional me financim kapital ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007 dhe 88/2008).

Deri në zgjedhjen e rojtarit të pronës nga paragrafi 2 i këtij neni, shoqëria për administrim me fondet pensionale të detyrueshme dhe shoqëria për administrim me fondet pensionale të detyrueshme dhe vullnetare e njofton Agjencinë për instrumentet në të cilat planifikon t'i inestojë mjetet e fondit pensional të detyrueshëm me të cilin administron.

Agjencia vazhdon të mbajë evidencën e instrumenteve financiare të lejuara për investimin e mjeteve të fondeve pensionale të detyrueshme deri në bartjen e rolit të rojtarit të pronës nga Banka Popullore e Republikës së Maqedonisë në bankë.

Neni 26

Neni 19 i këtij ligji nuk ka të bëjë me depozitat bankare të investuara në banka deri në ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 27

Neni 27 paragrafi 2 nga Ligji për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit për sigurim të detyrueshëm pensional me financim kapital ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 88/2008) shlyhet.

Neni 28

Autorizohet Komisioni juridiko-ligjvënës i Kuvendit të Republikës së Maqedonisë ta verifikojë tekstin e spastruar të Ligjit për sigurim të detyrueshëm pensional me financim kapital.

Neni 29

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e shpalljes në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

**843.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ МАКЕДОНСКА РАДИОДИФУЗИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 10 април 2009 година.

Бр. 07-1781/1
10 април 2009 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ МАКЕДОНСКА РАДИОДИФУЗИЈА

Член 1

Во Законот за основање на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија ("Службен весник на Република Македонија" број 6/98 и 98/2000), во членот 2 став 1 точката се брише и се додаваат зборовите: "во областа на електронските комуникации".

Ставот 2 се менува и гласи:

"Јавното претпријатие Македонска радиодифузија дејноста ја врши под услови и начин определен со Законот за радиодифузната дејност, Законот за електронски комуникации, Законот за јавните претпријатија, со овој закон и други закони."

Член 2

Членот 5 се менува и гласи:

" Дејности на Јавното претпријатие се:

- пренос и емитување на програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис Македонска радиотелевизија (во натамошниот текст: МРТ), на целата територија на Република Македонија,
- пренос и емитување на програмскиот сервис наменет за активностите на Собранието на Република Македонија на целата територија на Република Македонија,
- развој, проектирање, изградба, одржување и употреба на јавни електронски комуникациски мрежи и средства и обезбедување на јавни електронски комуникациски услуги и
- контрола и мерење на квалитетот и покриеноста на територијата на Република Македонија со радио и телевизиски сигнали емитувани од МРТ, како и контрола и мерење на пречки од други радиодифузни станици. "

Член 3

Во членот 6 по алинејата 3 се додава нова алинеја 4, која гласи:

" - транспарентност и недискриминација во работењето,".

Алинеите 4 и 5 стануваат алинеи 5 и 6.

Член 4

Членот 7 се менува и гласи:

"Јавното претпријатие дејностите утврдени во членот 5 алинеи 1 и 2 од овој закон ги врши преку:

- три радио мрежи на ултра кратки бранови (ВХФ/ФМ),
- една радио мрежа на средни бранови ( СБ ),
- три телевизиски мрежи ( ВХФ и УХФ ),
- дигитален мултиплекс ( ДВБ – Т ) и
- мрежа на микробранови аналогни и дигитални преносни врски.

Изградбата на мрежата од ставот 1 алинеја 4 на овој член наменета за пренос и емитување на програмските сервиси на МРТ и за пренос на програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија ја врши Јавното претпријатие врз основа на студија за изградба на дигитална мрежа одобрена од Владата на Република Македонија."

Член 5

Во членот 9 зборовите: "Одбор за контрола " се заменуваат со зборовите: "Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење".

Член 6

Во членот 10 ставот 2 се менува и гласи:

"Членовите на Управниот одбор ги именува и разрешува Владата на Република Македонија.“

По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

"За член на Управен одбор може да биде именувано лице кое има завршено високо образование од областа на електротехничките науки, правото или економијата со работно искуство над пет години и со посебни знаења од областа на радиодифузијата и електронските комуникации, а притоа имајќи ја предвид соодветната застапеност на припадниците на заедниците."

Ставовите 3, 4 и 5 стануваат ставови 4, 5 и 6.

Член 7

Членот 11 се менува и гласи:

"Управниот одбор на Јавното претпријатие ги врши следниве работи:

- го донесува Статутот на Јавното претпријатие по претходна добиена согласност од Владата на Република Македонија,
- го донесува Правилникот за внатрешна организација и другите акти на Јавното претпријатие,
- ја усвојува Годишната програма за работа и развој на Јавното претпријатие по претходно добиена согласност од Владата на Република Македонија,
- одлучува за употреба на средствата остварени со работењето на Јавното претпријатие и покривање на загубите по претходно добиена согласност од Владата на Република Македонија,
- ја усвојува годишната сметка по претходно добиена согласност од Владата на Република Македонија,

- го усвојува годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие по претходно добиена согласност од Владата на Република Македонија,

- ги усвојува кварталните извештаи и шестмесечните извештаи за работа на Јавното претпријатие по претходно добиено мислење на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење,

- го усвојува Ценовникот на услуги на Јавното претпријатие по претходно добиена согласност од Владата на Република Македонија,

- го избира и разрешува директорот на Јавното претпријатие врз основа на јавен конкурс,

- донесува деловник за својата работа и

- врши други работи утврдени со Статутот на Јавното претпријатие."

Член 8

Членот 12 се брише.

Член 9

Членот 13 се менува и гласи:

"За вршење на контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие се формира Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење (во натамошниот текст: Надзорниот одбор) од пет члена.

Мандатот на членовите на Надзорниот одбор не може да биде подолг од четири години.

Членовите на Надзорниот одбор ги именува, односно разрешува Владата на Република Македонија.

За членови на Надзорниот одбор можат да се именуваат лица со високо образование кои поседуваат знаења и искуство од дејноста на финансиското и сметководственото работење.

Надзорниот одбор работите од својата надлежност ги врши во согласност со одредбите на Законот за јавните претпријатија, овој закон и Статутот на Јавното претпријатие."

Член 10

По членот 13 се додава нов член 13-а, кој гласи:

"Член 13-а

На членовите на Управниот одбор и на Надзорниот одбор им следува надоместок."

Член 11

Во членот 14 став 1 зборовите: "именува, односно разрешува Владата на Република Македонија, по претходно прибавено мислење од Советот за радиодифузија" се заменуваат со зборовите: "избира, односно разрешува Управниот одбор".

Во ставот 2 зборовите: "има заменик кој се именува и разрешува, како и директорот" се заменуваат со зборовите: "определи вработен кој во негово отсуство го заменува и го води тековното работење на Јавното претпријатие".

Ставот 3 се менува и гласи:

"Директорот се избира за време од четири години."

По ставот 3 се додаваат два нови става 4 и 5, кои гласат:

"За директор на Јавното претпријатие може да биде избрано лице кое има завршено високо образование од областа на електротехничките науки, со работно искуство над пет години и со посебни знаења од областа на радиодифузијата и електронските комуникации.

Постапката на избор на директорот поблиску се уредува со Статутот на Јавното претпријатие."

Член 12

Членот 15 се менува и гласи:

" Директорот на Јавното претпријатие:

- го застапува и претставува Јавното претпријатие,

- ја организира работата на Јавното претпријатие,

- го обезбедува спроведувањето на одлуките и заклучоците на Управниот одбор,

- ја предлага програмата за работа и развој и учествува во спроведувањето на истата,

- го предлага Статутот, Правилникот за внатрешна организација и другите акти на Јавното претпријатие,

- го предлага Ценовникот на Јавното претпријатие,

- предлага критериуми за користење и располагање со средствата и употребата на средства остварени со работењето на Јавното претпријатие,

- доставува квартални извештаи кои содржат показатели за финансиското работење до Владата на Република Македонија,

- доставува шестмесечни извештаи до Управниот одбор,

- доставува годишен извештај за работењето на Јавното претпријатие до Владата на Република Македонија и

- врши други извршни работи во врска со работата и работењето на Јавното претпријатие утврдени со Сатутот.

Директорот за својата работа одговара пред Управниот одбор на Јавното претпријатие.

Директорот склучува договор со Управниот одбор за уредување на односите со Јавното претпријатие, со кој поединечно се утврдуваат правата, обврските и овластувањата согласно со закон.

Во извештајот од ставот 1 алинеја 10 на овој член директорот е должен да достави податоци за видот и обемот на завршените работи при извршувањето на дејноста на Јавното претпријатие, како и податоци за финансиското работење во наведениот период.

Директорот на Јавното претпријатие се разрешува пред истекот на мандатот под услови и на начин утврдени со Законот за јавните претпријатија."

Член 13

Членот 16 се менува и гласи:

"Средствата за работењето и развојот на Јавното претпријатие се обезбедуваат од радиодифузната такса, Буџетот на Република Македонија, од приходите кои се остваруваат со обезбедување на јавни електронски комуникациски услуги во кои не е опфатен преносот и емитувањето на програмските сервиси на МРТ, од кредитни средства, донации и од други извори во согласност со закон.

Средствата за покривање на трошоците за развој, проектирање, изградба, одржување и употреба на јавните аналогни и дигитални радиодифузни мрежи наменети за пренос и емитување на програмските сервиси на МРТ и за пренос на програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија се обезбедуваат од радиодифузната такса и средствата обезбедени за оваа намена во Буџетот на Собранието на Република Македонија за што Јавното претпријатие е должно да изготвува посебен финансиски план за реализација на буџетските средс-

тва во соодветната година и извештај за реализираните буџетски средства добиени согласно со овој план за определената финансиска година.

Обезбедувањето на јавните електронски комуникациски услуги кои не се наменети за вршење на пренос и емитување на програмските сервиси од ставот 2 на овој член, Јавното претпријатие ќе го врши со надоместок по цени утврдени во Ценовникот на Јавното претпријатие.

Јавното претпријатие е должно да води посебно сметководство за активностите поврзани со обезбедување на јавните електронски комуникациски услуги кои не се наменети за вршење на пренос и емитување на програмските сервиси од ставот 2 на овој член, на начин и постапка утврдени со Законот за јавните претпријатија и друг закон."

Член 14

По членот 16 се додава нов член 16-а, кој гласи:

"Член 16-а

Ценовникот на Јавното претпријатие од членот 16 став 3 на овој закон го усвојува Управниот одбор на Јавното претпријатие по претходно добиена согласност од Владата на Република Македонија.

Јавното претпријатие пред усвојувањето на Ценовникот од ставот 1 на овој член, истиот го доставува на мислење до Агенцијата за електронски комуникации и до Комисијата за заштита на конкуренцијата. Доколку Агенцијата за електронски комуникации и до Комисијата за заштита на конкуренцијата не го достават мислењето во рок од 15 дена ос денот на приемот на барањето за добивање на мислење, ќе се смета дека мислењето е позитивно.

Ценовникот од ставот 1 на овој член се објавува на веб страницата на Јавното претпријатие во рок од пет дена од денот на неговото влегување во сила."

Член 15

Членот 17 се брише.

Член 16

Статутот на Јавното претпријатие ќе се усогласи со одредбите на овој закон во рок од три месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Постојните договори за закуп склучени меѓу Јавното претпријатие и корисниците на услугите во делот на одредбите за цените ќе се усогласат со Ценовникот од членот 13 став 3 на овој закон во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на истиот.

Доколку договорите за закуп не се усогласат во рокот од ставот 2 на овој член, истите престануваат да важат.

Средствата за изградба на дигиталниот мултиплекс (ДВБ - Т) од членот 4 став 1 алинеја 4 на овој закон, се обезбедуваат од средствата обезбедени за оваа намена во Буџетот на Република Македонија за соодветната година, во период од три години од влегувањето во сила на овој закон.

Член 17

Со влегувањето во сила на овој закон му престанува мандатот на постојниот заменик-директор на Јавното претпријатие.

Член 18

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

**L I G J**
**PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR THEMELIMIN E NDËRMARRJES PUBLIKE RADIODIFUZIONI MAQEDONAS**

Neni 1

Në Ligjin për themelimin e Ndërmarrjes publike Radiodifuzioni maqedonas ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 6/98 dhe 98/2000) në nenin 2 paragrafi 1, pika fshihet dhe shtohen fjalët: "në fushën e komunikimeve elektronike."

Paragrafi 2 ndryshohet si vijon:

"Ndërmarrja publike Radiodifuzioni maqedonas e ushtron veprimtarinë në kushte dhe mënyrë të përcaktuar me Ligjin për veprimtari radiodifuzive, Ligjin për komunikime elektronike, Ligjin për ndërmarrjet publike, me këtë dhe me ligje të tjera."

Neni 2

Neni 5 ndryshohet si vijon:

"Veprimtari të Ndërmarrjes publike janë:

- transmetimi dhe emetimi i shërbimeve programore të shërbimit radiodifuziv publik Radiotelevizionit maqedonas (në tekstin e mëtutjeshëm RTM) në gjithë territorin e Republikës së Maqedonisë,
- transmetimi dhe emetimi i shërbimit programor të destinuar për aktivitetet e Kuvendit të Republikës së Maqedonisë në gjithë territorin e Republikës së Maqedonisë,
- zhvillimi, projektimi, ndërtimi, mirëmbajtja dhe përdorimi i rrjeteve dhe mjeteve komunikuese elektronike dhe sigurimi i shërbimeve komunikuese elektronike publike, dhe
- kontrolli dhe matja e cilësisë dhe mbulimit të territorit të Republikës së Maqedonisë me sinjale radio-televizive të emetuara nga RTM, si dhe kontrolli dhe matja e pengesave nga stacionet tjera radiodifuzive."

Neni 3

Në nenin 6 pas alinesë 3 shtohet aline e re 4 si vijon:

"-transparencë dhe mosdiskriminim në punë;".

Alinetë 4 dhe 5 bëhen aline 5 dhe 6.

Neni 4

Neni 7 ndryshohet si vijon:

"Ndërmarrja publike i kryen veprimtaritë e përcaktuara në nenin 5 alineja 1 dhe 2 të këtij ligji përmes:

- tre rrjeteve të radios në valë ultra të shkurtra (VHF/FM),
- një radio-rrjeti në valë të mesme (SB),
- tre rrjeteve televizive (VHF dhe UHF),
- multipleksit digjital (DVB – T), dhe
- rrjetit të mikrovalëve lidhje transmetuese analoge dhe digjitale.

Ndërtimi i rrjetit nga paragrafi 1 alineja 4 e këtij neni e destinuar për transmetim dhe emetim të shërbimeve programore të RTM-së dhe për transmetimin e shërbimit programor të destinuar për emetimin e aktiviteteve të

Kuvendit të Republikës së Maqedonisë e kryen Ndërmarrja publike në bazë të studimit për ndërtimin e rrjetit digjital të miratuar nga Qeveria e Republikës së Maqedonisë."

Neni 5

Në nenin 9 fjalët: "Këshilli për kontroll" zëvendësohen me fjalët: "Këshilli mbikëqyrës për kontrollimin e punës materialo-financiare".

Neni 6

Në nenin 10 paragrafi 2 ndryshohet si vijon:

"Anëtarët e Këshillit drejtues i emëron dhe shkarkon Qeveria e Republikës së Maqedonisë."

Pas nenit 2 shtohet nen i ri 3 si vijon:

"Për anëtar në Këshillit drejtues mund të emërohet personi i cili ka mbaruar arsimin e lartë nga fusha e shkencave elektroteknike, drejtësisë ose ekonomisë me përvojë pune mbi pesë vjet dhe me njohuri të veçanta nga fusha e radiodifuzionit dhe komunikimeve elektronike, me ç'rast të kihet parasysh përfaqësimi përkatës i pjesëtarëve të bashkësive."

Nenet 3, 4 dhe 5 bëhen nen 4, 5 dhe 6.

Neni 7

Neni 11 ndryshohet si vijon:

"Këshilli drejtues i Ndërmarrjes publike i kryen punët në vazhdim:

- e miraton Statutin e Ndërmarrjes publike pas pëlqimit të marrë paraprakisht nga Qeveria e Republikës së Maqedonisë,
- miraton Rregulloren për organizimin e brendshëm dhe aktet tjera të Ndërmarrjes publike,
- e miraton Programin vjetor për punë dhe zhvillim të Ndërmarrjes publike pas pëlqimit të marrë paraprakisht nga Qeveria e Republikës së Maqedonisë,
- vendos për përdorimin e mjeteve të realizuara me punën e Ndërmarrjes publike dhe mbulimit të humbjeve pas pëlqimit të marrë paraprakisht nga Qeveria e Republikës së Maqedonisë,
- e miraton llogarinë vjetore pas pëlqimit të marrë paraprakisht nga Qeveria e Republikës së Maqedonisë,
- e miraton raportin vjetor për punën e Ndërmarrjes publike pas pëlqimit të marrë paraprakisht nga Qeveria e Republikës së Maqedonisë,
- i miraton raportet tremujore dhe gjashtëmujore për punë të Ndërmarrjes publike pas mendimit të marrë paraprakisht nga Këshilli mbikëqyrës për kontrollin e punës materialo-financiare,
- e miraton Listën e çmimeve të shërbimeve të Ndërmarrjes publike pas pëlqimit të marrë paraprakisht nga Qeveria e Republikës së Maqedonisë,
- e zgjedh dhe e shkarkon drejtorin e Ndërmarrjes publike në bazë të konkursit publik,
- miraton Rregullore për punën e vet, dhe
- kryen punë tjera të përcaktuara me Statutin e Ndërmarrjes publike."

Neni 8

Neni 12 fshihet.

Neni 9

Neni 13 ndryshohet si vijon:

"Për kryerjen e kontrollit të punës materialo-financiare të Ndërmarrjes publike formohet Këshill mbikëqyrës për kontrollin e punës materialo-financiare (në tekstin e mëtejshëm: Këshilli mbikëqyrës) me pesë anëtarë.

Mandati i anëtarëve të Këshillit mbikëqyrës nuk mund të jetë më i gjatë se katër vjet.

Anëtarët e Këshillit mbikëqyrës i emëron, përkatësisht shkarkon Qeveria e Republikës së Maqedonisë.

Për anëtarë të Këshillit mbikëqyrës mund të emërohen persona me arsim të lartë të cilët posedojnë njohuri dhe përvojë nga veprimtaria e punës financiare dhe kontabilitetit.

Këshilli mbikëqyrës i kryen punët në kompetencë të vet në pajtim dispozitat e Ligjit për ndërmarrjet publike, këtij ligji dhe Statutit të Ndërmarrjes publike."

Neni 10

Pas nenit 13 shtohet nen i ri 13-a si vijon:

"Neni 13-a

Anëtarëve të Këshillit drejtues dhe Këshillit mbikëqyrës u takon kompensim."

Neni 11

Në nenin 14 paragrafi 1 fjalët: "emëron përkatësisht shkarkon Qeveria e Republikës së Maqedonisë, pas mendimit të siguruar paraprakisht nga Këshilli i radiodifuzionit", zëvendësohen me fjalët: "zgjedh përkatësisht shkarkon Këshilli drejtues".

Në paragrafin 2 fjalët: "ka zëvendës i cili emërohet dhe shkarkohet, si edhe drejtori" zëvendësohen me fjalët: "caktojë të punësuar i cili në mungesë të tij e zëvendëson dhe udhëheq me punën rrjedhëse të Ndërmarrjes publike."

Paragrafi 3 ndryshohet si vijon:

"Drejtori zgjidhet për kohë prej katër vjetësh."

Pas paragrafit 3 shtohen dy paragrafë të rinj 4 dhe 5 si vijon:

"Për drejtor të Ndërmarrjes publike mund të zgjidhet personi i cili ka mbaruar arsim të lartë nga fusha shkencave elektroteknike, me përvojë pune mbi pesë vjet dhe me njohuri të veçanta nga fusha e radiodifuzionit dhe komunikimeve elektronike.

Procedura e zgjedhjes së drejtorit rregullohet së afërmi me Statutin e Ndërmarrjes publike."

Neni 12

Neni 15 ndryshohet si vijon:

"Drejtori i Ndërmarrjes publike:

- e përfaqëson dhe prezanton Ndërmarrjen publike,
- e organizon punën e Ndërmarrjes publike,
- siguron zbatimin e vendimeve dhe përfundimeve të Këshillit drejtues,
- propozon programin për punë dhe zhvillim dhe merr pjesë në zbatimin e të njëjtit,
- propozon Statutin, Rregulloren për organizim të brendshëm dhe aktet tjera të Ndërmarrjes publike,
- e propozon listën e çmimeve të Ndërmarrjes publike,
- propozon kritere për shfrytëzim dhe dispozicion me mjetet dhe përdorimin e mjeteve të realizuara me punën e Ndërmarrjes publike,
- i paraqet Qeverisë së Republikës së Maqedonisë raporte tremujore të cilat përmbajnë tregues për punën financiare,
- i paraqet raporte gjashtëmujore Këshillit drejtues,
- i paraqet Qeverisë së Republikës së Maqedonisë raport vjetor për punën e Ndërmarrjes publike, dhe
- kryen punë ekzekutive në lidhje me punën dhe punën e Ndërmarrjes publike të përcaktuara me Statut.

Drejtori për punën e tij përgjigjet para Këshillit drejtues të Ndërmarrjes publike.

Drejtori lidh marrëveshje me Këshillin drejtues për rregullimin e marrëdhënieve me Ndërmarrjen publike me të cilën veç e veç përcaktohen të drejtat, obligimet dhe autorizimet në pajtim me ligjin.

Në raportin nga paragrafi 1alineja 10 e këtij neni drejtori është obliguar të paraqesë të dhëna për llojin dhe vëllimin e punëve të përfunduara gjatë kryerjes së veprimtarisë së Ndërmarrjes publike, si dhe të dhëna për punën financiare në periudhën e përmendur.

Drejtori i Ndërmarrjes publike shkarkohet para kalimit të mandatit në kushte dhe mënyrë të caktuar me Ligjin për ndërmarrjet Publike."

Neni 13

Neni 16 ndryshohet si vijon:

"Mjetet për punën dhe zhvillimin e Ndërmarrjes publike sigurohen nga taksa e radiodifuzionit, Buxheti i Republikës së Maqedonisë, të hyrat të cilat realizohen me sigurimin e shërbimeve komunikuese elektronike publike në të cilat nuk është përfshirë transmetimi dhe emetimi i shërbimeve programore të RTM-së, nga mjete kreditore, donacione dhe nga burime tjera në pajtim me ligjin.

Mjetet për mbulimin e shpenzimeve për zhvillim, projektim, ndërtim, mirëmbajtje dhe përdorim të rrjeteve publike analoge dhe digjitale radiodifuzive të dedikuara për transmetim dhe emetim të shërbimeve programore të RTM-së dhe për transmetim të shërbimit programor të dedikuar për transmetimin e aktiviteteve të Kuvendit të Republikës së Maqedonisë sigurohen nga taksa e radiodifuzionit dhe nga mjetet e siguruara për këtë qëllim në Buxhetin e Kuvendit të Republikës së Maqedonisë për çka Ndërmarrja publike është e obliguar të përgatisë plan të veçantë financiar për realizimin e mjeteve buxhetore në vitin përkatës dhe raport për realizimin e mjeteve të marra në pajtim me këtë plan për vitin e caktuar financiar.

Sigurimin e shërbimeve komunikuese elektronike publike të cilat nuk janë të dedikuara për kryerjen e transmetimit dhe emetimit të shërbimeve programore nga paragrafi 2 i këtij neni, Ndërmarrja publike do të bëjë me kompensim sipas çmimeve të përcaktuara në Listën e çmimeve të Ndërmarrjes publike.

Ndërmarrja publike është e obliguar të mbajë kontabilitet të veçantë për aktivitetet në lidhje me sigurimin e shërbimeve komunikuese elektronike publike të cilat nuk janë të dedikuara për kryerjen e transmetimit dhe emetimit të shërbimeve programore nga paragrafi 2 i këtij neni, në mënyrë dhe procedurë të përcaktuara me Ligjin për ndërmarrje publike dhe ligj tjetër."

Neni 14

Pas nenit 16 shtohet nen i ri 16- a si vijon:

"Neni 16- a

Listën e çmimeve të Ndërmarrjes publike nga neni 16 paragrafi 3 i këtij ligji e miraton Këshilli drejtues i Ndërmarrjes publike pas pajtimit paraprak nga Qeveria e Republikës së Maqedonisë.

Ndërmarrja publike para miratimit të Listës së çmimeve nga paragrafi 1 të këtij neni, të njëjtën ia dorëzon për mendim Agjencisë për komunikime elektronike dhe Komisionit për mbrojtjen e konkurrencës. Nëse Agjencia për komunikime elektronike dhe Komisioni për mbrojtjen e konkurrencës nuk e dorëzojnë mendimin në afat prej 15 ditësh nga dita e pranimit të kërkesës për marrjen e mendimit, do të konsiderohet mendimi është pozitiv.

Lista e çmimeve nga paragrafi 1 i këtij neni botohet në ueb-faqen e Ndërmarrjes publike në afat prej pesë ditësh nga dita e hyrjes së saj në fuqi."

Neni 15

Neni 17 fshihet.

Neni 16

Statuti i Ndërmarrjes publike do të harmonizohet me dispozitat e këtij ligji në afat prej tre muajsh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Marrëveshjet ekzistuese për qiramarrje të lidhura ndërmjet Ndërmarrjes publike dhe shfrytëzuesve të shërbimeve në pjesën e dispozitave për çmimet do të harmonizohen me Listën e çmimeve nga neni 13 paragrafi 3 i këtij ligji në afat prej gjashtë muajsh nga dita e hyrjes në fuqi të të njëjtit.

Nëse marrëveshjet për qiramarrje nuk harmonizohen në afatin nga paragrafi 2 i këtij neni, të njëjtat pushojnë të vlejnë.

Mjetet për ndërtimin e multipleksit digjital (DVB – T) nga neni 4 paragrafi 1 alineja 4 të këtij ligji, sigurohen nga mjetet e siguruara për këtë qëllim në Buxhetin e Republikës së Maqedonisë për vitin përkatës, në periudhë prej tre vjetësh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 17

Me hyrjen në fuqi të këtij ligji i pushon mandati zëvendësdrejtorit ekzistues të Ndërmarrjes publike.

Neni 18

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**844.**

Врз основа на член 23 и 28 став 2 од Законот за радиодифузната дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 100/2005, 19/2007 и 103/2008), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 10 април 2009 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕН НА СОВЕТОТ ЗА РАДИОДИФУЗИЈА

I. За член на Советот за радиодифузија се избира

- акад. Бојан Шоптрајанов, потпретседател на Македонската академија на науките и уметностите.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-1745/1
10 април 2009 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**845.**

По извршеното проверување со изворниот текст, утврдено е дека во текстот на Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за царинскиот закон, објавена во („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/09), направени се технички грешки, поради што се дава

### И С П Р А В К А
### НА УРЕДБАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИОТ ЗАКОН

Во Прилогот 2, во првиот примерок, во колоната 1, наместо зборовите: „ПРИМЕРОК ЗА ИМА“ треба да стојат зборовите: „ПРИМЕРОК ЗА ИМАТЕЛОТ“, а вториот примерок треба да изостане.

Во третиот примерок во колоната 2, наместо зборовите: „ПРИМЕРОК ЗА ЦАРИН.“, треба да стојат зборовите: „ПРИМЕРОК ЗА ЦАРИН. ОРГАН“.

Бр. 19-1160/2 Од Владата на Република
9 април 2009 година Македонија
Скопје

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ

**846.**

### О Б Ј А В А

Договорот за социјално осигурување меѓу Македонската Влада и Белгиската Влада, склучен на 13 февруари 2007 година во Брисел, ратификуван со Законот за ратификација на Договорот за социјално осигурување меѓу Македонската Влада и Белгиската Влада („Службен весник на РМ“ бр. 74/07), влегува во сила на 01 јуни 2009 година.

6 април 2009 година Министер,
Скопје м-р **Антонио Милошоски,** с.р.

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

**847.**

Врз основа на член 21 од Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07 и 159/08), министерот за животна средина и просторно планирање, во согласност со министерот за здравство, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и министерот за економија, донесе

### Н А Р Е Д Б А
### ЗА ЗАБРАНА ЗА СТАВАЊЕ ВО УПОТРЕБА НА ЌЕСИ ЗА ТРАНСПОРТ НА СТОКИ ИЗРАБОТЕНИ ОД ПЛАСТИЧНИ МАСИ ВО ПРОДАВНИЦИ, МАГАЦИНИ, СКЛАДОВИ, ДЕЛОВНИ ПРОСТОРИ, ЗЕЛЕНИ ПАЗАРИ И ПОСЕБНИ ПАЗАРИ КАДЕ ШТО СЕ ВРШИ ТРГОВИЈА НА МАЛО НА ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ И ВО ПРОДАВНИЦИ И КИОСЦИ КАДЕ СЕ ВРШИ ТРГОВИЈА НА МАЛО НА СИТНИ ПРОИЗВОДИ ЗА ЛИЧНА ПОТРОШУВАЧКА

Член 1

Со цел да се запази јавниот интерес во управувањето со отпадот, како и заради заштита на животната средина преку намалување на создавање на отпад од ќеси изработени од пластични маси, се забранува ставање во употреба на ќеси за транспорт на стоки изработени од пластични маси во продавници, магацини, складови, деловни простори, зелени пазари и посебни пазари каде што се врши трговија на мало на прехранбени производи и во продавници и киосци каде се врши трговија на мало на ситни производи за лична потрошувачка (козметика, цигари и слично) со капацитет за носење помал од 5 килограми и дебелина помала од 21 микрони.

Член 2

По исклучок од член 1 на оваа наредба, управителите на продавници, магацини, складови, деловни простори, зелени пазари и посебни пазари каде што се врши трговија на мало на прехранбени производи и во продавници и киосци каде се врши трговија на мало на ситни производи за лична потрошувачка (козметика, цигари и слично) може, на сметка на купувачот, да стават во употреба ќеси за транспорт на стоки изработени од пластични маси кои имаат капацитет за носење поголем од 5 килограми и дебелина еднаква или поголема од 21 микрони.

По исклучок од член 1 на оваа наредба, управителите на продавници, магацини, складови, деловни простори, зелени пазари и посебни пазари каде што се врши трговија на мало на прехранбени производи може да ставаат во употреба ќеси изработени од пластични маси кои се користат исклучиво за размерување и пакување на храна и прехранбени производи (зеленчук, овошје, месо, брашно и слични производи кои на барање на купувачот се размеруваат и пакуваат во помала количина).

Член 3

Со денот на отпочнување на примената на оваа наредба престанува да важи Наредбата за забрана за ставање во употреба на ќеси за транспорт на стоки изработени од пластични маси во продавници, деловни простории и пазари каде што се врши трговија на мало на производи за храна и ситни производи за општа потрошувачка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 108/08).

Член 4

Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 01 мај 2009 година.

Бр. 07-1922/1
26 февруари 2009 година
Скопје

| | |
|---|---|
| Министер за животна средина и просторно планирање, д-р **Неџати Јакупи**, с.р. | Министер за економија, **Фатмир Бесими**, с.р. |
| Министер за здравство, д-р **Бујар Османи**, с.р. | Министер за земјоделство, шумарство и водостопнaство, **Ацо Спасеноски**, с.р. |

## УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**848.**

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.70/1992) на седницата одржана на 8 април 2009 година, донесе

### О Д Л У К А

1. СЕ УКИНУВА член 24-а став 3 и член 57-а од Законот за трговија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/2004, 128/2006, 63/2007 и 88/2008).

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија по повод иницијатива поднесена од Стамен Филипов од Скопје, со Решение У. бр.179/2008 од 11 февруари 2009 година поведе постапка за оценување на уставноста на одредбите од Законот означен во точка 1 на оваа одлука, затоа што основано се постави прашањето за нивната согласност со Уставот.

4. Судот на седницата утврди дека согласно член 24-а став 3 од Законот за трговија, се забранува купување на алкохолни пијалоци од 19:00 часот до 06:00 часот наредниот ден.

Според член 57-а став 1 од истиот закон, глоба во износ од 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичкото лице кое купува алкохолни пијалоци од 19:00 часот до 06:00 часот наредниот ден (член 24-а став 3). Согласно став 2 на истиот член, државниот пазарен инспектор за прекршокот од ставот 1 на овој член може да изрече мандатна казна во износ од 50 евра во денарска противвредност. Според став 3 на овој член, глоба во износ од 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на родител или старател на дете, односно штитеник ако неговото дете, односно штитеник со возраст под 18 години купува алкохолни пијалоци (член 24 став 3). Според став 4 на истиот член, за прекршоците од овој член прекршочната постапка ја води и прекршочната санкција ја изрекува надлежниот суд.

5. Според член 8 став 1 алинеите 1 и 3 од Уставот на Република Македонија, основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот и владеењето на правото се темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија.

Согласно член 11 став 1 од Уставот, физичкиот и моралниот интегритет на човекот се неприкосновени.

Според членот 25 од Уставот, на секој граѓанин му се гарантира почитување и заштита на приватноста на неговиот личен и семеен живот, на достоинството и угледот.

Согласно член 51 став 1 од Уставот, во Република Македонија законите мора да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон.

Со Законот за трговија се уредуваат условите и начинот за вршење на трговија на внатрешниот и надворешниот пазар, мерките на ограничување на вршење на трговијата и заштитните мерки (член 1).

Согласно член 2 став 1 на истиот закон, трговија, во смисла на овој закон, е купување и продавање на стоки, како и вршење на трговски услуги.

Со одредбите на Законот за изменување и дополнување на Законот за трговија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 88/2008) се регулира купопродажбата на алкохолни пијалоци, на начин што Законот се дополнува со нов член 24-а со кој се забранува продажбата на алкохолни пијалоци во продавниците во состав на бензинските станици, во продавниците во состав на зелените пазари и преку киосците во трговијата; се забранува продажбата на алкохолни пијалоци од 19:00 часот до 06:00 часот наредниот ден и се забранува купување на алкохолни пијалоци од 19:00 часот до 06:00 часот наредниот ден. Понатаму, со дополнувањето на Законот со нов член 57-а, се пропишува дека на физичкото лице кое купува алкохолни пијалоци од 19:00 часот до 06:00 часот наредниот ден ќе му се изрече глоба за прекршок, дека за овој прекршок може да се изрече мандатна казна, како и дека соодветна глоба за прекршок ќе му се изрече на родител или старател на дете, односно штитеник ако неговото дете, односно штитеник со возраст под 18 години купува алкохолни пијалоци. За прекршоците од овој член прекршочната постапка ја води и прекршочната санкција ја изрекува надлежниот суд.

Во однос на покренатото правно прашање со иницијативата дека само продажбата на алкохолни пијалоци спротивно на пропишаниот режим, може да претставува прекршок за кој се изрекува соодветна глоба, а дека купувањето на алкохолни пијалоци под истите услови не би можело да претставува прекршок, односно дека прекршокот не можат да го сторат и продавачот и купувачот истовремено, Судот го имаше предвид следното:

Легитимно право на законодавецот е да ги уредува односите во одделни области на општественото живеење, па во таа смисла да го уреди и режимот на продажба на алкохолни пијалоци, на начин што ќе ја забрани продажбата на алкохолни пијалоци во одредени продажни објекти и во одреден период од денот, што, според Владата на Република Македонија, како предлагач на Законот за трговија, претставува мерка која државата ја презема за контрола и заштита од прекумерната употреба на алкохол во вечерните часови, особено од страна на младите лица. Исто така, легитимно право е на државата, во функција на операционализација на оваа мерка, да определи санкции за продавачите – правни и физички лица, кои ќе го прекршат пропишаниот режим на продажба на алкохолни пијалоци и ќе овозможат реализација на забранетиот промет.

Меѓутоа, пропишувањето на санкции за физичките лица - купувачи на алкохолни пијалоци во наведениот период, според оцена на Судот, ја надминува смислата и оправданоста на мерка која е нужна за спречување на општествено штетни дејствија, како основа и граница за определување на прекршокот и прекршочната санкција. Имено, трговецот, односно продавачот е должен да се придржува кон пропишаниот режим на продажба на алкохолни пијалоци, во која смисла законодавецот пропишал обврска за трговецот на мало кој врши продажба на алкохолни пијалоци да поседува лиценца за

продажба на алкохолни пијалоци, ги пропишал условите кои трговецот треба да ги исполни за добивање на ваква лиценца, како и постапката за добивање на истата. Тоа значи дека законодавецот обезбедил нормативни претпоставки за тоа трговците што продаваат алкохолни пијалоци да се придржуваат кон пропишаниот режим за продажба, во спротивност, лиценцата ќе им биде одземена, а со тоа и дејноста забранета.

Спроведувањето на пропишаниот режим за продажба на алкохолни пијалоци автоматски значи неможност за продажба на овие стоки на физичките лица – купувачи во времето од 19:00 часот до 06:00 часот наредниот ден, под закана за санкција за продавачот доколку го прекрши овој режим. Во ситуација кога овој вид на стока не е достапен, сосема е ирелевантно дали физичкото лице е запознаено со законската регулатива која забранува продажба на алкохол во наведениот период. Ова од причина што станува збор за трговија на мало во продажни објекти каде стоката за продажба е јавно изложена и непосредно достапна до потрошувачот, во која смисла логично произлегува дека за купувачот сé што е јавно изложено и достапно во продажниот објект, значи дека е дозволено да се купи, од каде произлегува дека доколку му биде продадена одредена стока и тој ја плати цената на истата, легитимно е неговото очекување дека прометот е дозволен и дека неговото дејствие на купување на стоката нема карактер на противправно однесување како учесник во воспоставените пазарни односи. Оттука, сосема основано произлегува дека само продавачот може да биде одговорен доколку понуди на продажба и продаде стока чиј промет е забранет и пропишувањето на санкција за неговото однесување е единствено оправдана и нужна мерка со која може да се постигне саканата цел – контрола над продажбата на алкохол како легитимна цел.

Според тоа, казнувањето на физичките лица – купувачи на овој вид стока не може да се прифати како правно оправдана рационална мерка со која се постигнува баланс во намерата на државата да ја контролира продажбата на алкохол, поради што, според Судот, ваквата мерка не е во согласност со владеењето на правото, како темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија и значи неосновано навлегување и повреда на достоинството и угледот на граѓанинот и неговиот морален интегритет.

Тргнувајќи од напред наведеното, Судот оцени дека член 24-а став 3 и член 57-а од Законот за трговија не се во согласност со член 8 став 1 алинеја 3, член 11 став 1 и член 25 од Уставот.

6. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

7. Оваа одлука Судот ја донесе со мнозинство гласови, во состав од претседателот на Судот, д-р Трендафил Ивановски и судиите: д-р Наташа Габер-Дамјановска, Исмаил Дарлишта, Лилјана Ингилизова-Ристова, Вера Маркова, Бранко Наумоски, Игор Спировски, д-р Гзиме Старова и д-р Зоран Сулејманов.

У.бр.179/2008
8 април 2009 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Македонија,
д-р **Трендафил Ивановски**, с.р.

**849.**

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.70/1992) на седницата одржана на 1 април 2009 година, донесе

## О Д Л У К А

1. СЕ УКИНУВА член 181 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/2008).

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

3. Уставниот суд на Република Македонија по повод поднесени иницијативи на Киро Станков и други од Ново Село, Славе Михајлов и други од Кичево и Виолета Иванова и други од Струмица, со Решение У.бр.212/2008 од 11 февруари 2009 година, поведе постапка за оценување на уставноста на членот од Законот означен во точката 1 од оваа одлука.

Постапката беше поведена затоа што пред Судот се постави прашањето за согласноста на наведената законска одредба со Уставот на Република Македонија.

Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 181 од Законот за основното образование поднесе и Фатмир Скендер од с. Мал Папрадник - Центар Жупа.

4. Судот на седницата утврди дека во член 181 од Законот за основното образование се предвидува дека со денот на влегување во сила на овој закон наставниците со вишо образование во основните училишта со работно искуство над десет години во наставата продолжуваат да ги вршат работите на работните места на кои се затекнати.

Со денот на влегувањето во сила на овој закон, наставниците со вишо образование во основните училишта со работно искуство до десет години во настава продолжуваат да ги вршат работите на работните места на кои се затекнати, до стекнување со соодветно високо образование.

Наставниците од ставот 2 на овој член се должни да се стекнат со соодветно високо образование најдоцна за четири години од денот на влегувањето во сила на овој закон, во спротивно им престанува работниот однос.

5. Во член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот, како темелна вредност на уставниот поредок е утврден принципот на владеењето на правото.

Според член 9 од Уставот, граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата, независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Според член 32 став 1 од Уставот, секој има право на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбедност за време на привремена невработеност. Според ставот 2 од овој член од Уставот, секому, под еднакви услови, му е достапно секое работно место, додека според ставот 5 на истиот член, остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективен договор.

Според член 44 од Уставот секој има право на образование. Образованието е достапно на секого под еднакви услови. Основното образование е бесплатно и задолжително.

Како една од гаранциите на основните слободи и права на човекот и граѓанинот во член 52 став 4 од Уставот е утврдена забраната на повратното дејство на законите и другите прописи, освен по исклучок во случаи кога тоа е поповолно за граѓаните.

Од наведените уставни одредби произлегува дека правото на образование како комплексно прашање Уставот го уредува само начелно, предоставајќи го неговото поблиско уредување со закон. Тргнувајќи од тоа, неспорно е дека Собранието на Република Македонија, како носител на законодавната власт, може да донесува закони, меѓу другото и за уредување на прашања и односи поврзани со остварувањето на уставно утврденото право на основно образование, кое е задолжително. Во рамките на уредувањето на овие прашања, законодавецот може да ги пропише и условите под кои се изведува воспитно-образовната дејност во основното образование, а во таа смисла да го утврди и видот и степенот на стручната подготовка на наставниците и другиот кадар кој може да врши определени работи од оваа дејност како што впрочем тоа и го направил со Законот за основното образование.

Со Законот за основното образование се уредува задолжителното основно образование што се остварува во основните училишта, како и дејноста на основното образование како дел од единствениот воспитно-образовен систем (член 1).

Во насока на остварување, односно реализирање на наведените прашања, законодавецот во делот VII „Наставници, стручни соработници и воспитувачи" ги пропишал условите, односно степенот на стручната подготовка, што треба овие лица да ги исполнуваат како услов за вршење на воспитно-образовната дејност во основното образование (која дејност, според член 12 од овој закон е од јавен интерес), а кој услов законодавецот има право да го утврдува согласно член 32 став 5 од Уставот. Притоа, кој степен и кој вид на стручна подготовка ќе биде утврден за вршење на воспитно-образовната дејност, е работа на целесообразност и е прашање што го оценува законодавецот, врз основа на научни и стручни анализи и согледувања.

Според член 77 од Законот за основното образование, воспитно-образовната работа во основните училишта ја остваруваат наставници, стручни соработници (педагог, психолог, социолог, социјален работник, дефектолог, библиотекар) и воспитувачи (став 1). Наставниците, стручните соработници и воспитувачите во основното училиште имаат соодветно високо образование (став 2). Видот на стручната подготовка на лицата кои остваруваат воспитно-образовна работа во основното училиште се уредува со норматив за наставен кадар во основното училиште, што го утврдува министерот (став 3).

Тргнувајќи од наведените уставни и законски одредби, како и од содржината на оспорениот член 181 од Законот, според Судот, овој член од Законот по својата содржина и карактер е преодна одредба со која се регулира преодниот режим, односно начинот на преминување од постојните правни норми кон новите, поради што и истата е содржана во Глава XVI од Законот со наслов „Преодни и завршни одредби".

Според Судот, неспорно е дека законодавецот има право при промена на режимот на уредување на односите во одделна област, во конкретниот случај при промена на видот на стручната подготовка, да го уреди преминот од стариот во новиот режим. Меѓутоа државата овој премин треба да го обезбеди на начин кој подразбира избраните мерки, односно дејства да бидат соодветни на целите и причините поради кои се предвидуваат, а притоа да не се доведе во прашање или во поголем обем да не се загрози правната сигурност на веќе стекнатите права и интереси на субјектите на кои тие се однесуваат.

Обврската што со оспорениот член 181 од Законот им се наметнува само на наставниците со вишо образование во основните училишта со работно искуство до десет години во наставата, според Судот, не е пропорционална мерка со целите за кои е утврдена, со оглед дека претставува прекумерно ограничување на нивните права и слободи, а истовремено претставува загрозување на нивната правна сигурност, како елемент на владеењето на правото, ако се има предвид и последицата што оваа категорија на вработени ќе ја трпи доколку во утврдениот рок не се стекнат со соодветното образование.

Поаѓајќи од анализата на целината на оспорената одредба на членот 181 од Законот за основното образование произлегува дека законодавецот на одредена категорија наставен кадар (наставниците со вишо образование во основните училишта со работно искуство над десет години во настава) кој не ги исполнувал новоутврдените услови за вршење на воспитно-образовната дејност во основното образование им овозможува и понатаму да ги вршат работите на работните места на кои се затекнати, на денот на влегувањето во сила на соодветните измени, односно нови прописи и без закана дека доколку не се здобијат со такво образование ќе им престане работниот однос, како што предвидува ставот 3 на оспорениот член 181 од Законот.

Разгледувајќи го во целина членот 181 од Законот, според Судот, овој член сам по себе не создава еднаквост меѓу вработените наставници со вишо образование во основните училишта. Имено со решението во оспорениот член од Законот, се повредува едно од основните слободи и права на човекот и граѓанинот - правото на еднаквост предвидено во член 9 од Уставот на Република Македонија.

Законодавецот во конкретниот случај, според Судот различно постапил во уредувањето на преодниот режим за лица со ист статус и правна состојба, вработени - редовен работен однос, поради што наставниците со вишо образование во основните училишта со работно искуство до десет години (став 2 од членот 181 од Законот) се доведени во нерамноправна положба во однос на наставниците со вишо образование во основните училишта со работно искуство над десет години (став 1 од членот 181 од Законот) кои исто така немале соодветно образование како што се предвидува во постојниот член 77 став 2 од Законот за основното образование, а сепак за овој кадар во оспорената законска одредба не се предвидува обврска за стекнување на соодветно образование, ниту се предвидува престанок на работниот однос, доколку не се стекнат со такво образование.

Тргнувајќи од наведената уставно судска анализа, Судот оцени дека оспорениот член 181 од Законот за основното образование не е во согласност со член 8 став 1 алинеја 3 и член 9 од Уставот на Република Македонија.

6. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точка 1 од оваа одлука.

7. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот д-р Трендафил Ивановски и судиите д-р Наташа Габер-Дамјановска, Исмаил Дарлишта, Лилјана Ингилизова-Ристова, Вера Маркова, Бранко Наумоски, Игор Спировски, д-р Гзиме Старова и д-р Зоран Сулејманов.

У.бр.212/2008
1 април 2009 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Македонија,
д-р **Трендафил Ивановски**, с.р.

**850.**

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.70/1992) на седницата одржана на 1 април 2009 година, донесе

**О Д Л У К А**

1. СЕ ПОНИШТУВА Одлуката за определување на надоместок за присуство на седници и надоместок на патни и дневни трошоци на членовите на Советот на општина Ѓорче Петров број 07-2573/4 од 12.11.2007 година, како неуставна и незаконита во време на нејзиното важење.

2. СЕ СТАВА НАДВОР ОД СИЛА Решението за запирање на извршувањето на поединечните акти или дејствија што се донесени, односно преземени врз основа на Одлуката означена во точката 1 од оваа одлука.

3. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

4. Уставниот суд на Република Македонија по повод иницијатива поднесено од Јонче Цветковски од Скопје, со Решение У. бр. 244/2008 од 18 февруари 2009 година поведе постапка за оценување на уставноста и законистоста на одлуката означена во точката 1 на оваа одлука, затоа што основано се постави прашањето за нејзината согласност со Уставот, Законот за локалната самоуправа и Законот за дополнување на Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката.

5. Судот на седницата утврди дека Советот на општина Ѓорче Петров на седницата одржана на 12 ноември 2007 година ја донел оспорената Одлука за определување на надоместок на седници и надоместок на патни и дневни трошоци на членовите на Советот на општина Ѓорче Петров.

Според член 1 од оспорената одлука, се определува надоместокот за присуство на седници на Советот и надоместокот за патни и дневни трошоци на членовите на Советот во рамките утврдени со Закон.

Според член 2 од Одлуката, на членовите на Советот на Општината им припаѓа месечен надоместок за присуство на седниците на Советот и надоместок на патните и дневните трошоци. Според ставот 2 од истиот член, средствата за исплата на надоместоците од ставот 1 на овој член се обезбедуваат во Буџетот на Општината Ѓорче Петров.

Според член 3 од Одлуката, месечниот надоместок на членовите на Советот на Општината за присуство на седници на Советот се утврдува во процентуален износ од 70% од просечната месечна нето плата во Република Македонија, исплатена за претходната година.

Според членот 4 од Одлуката, на Претседателот на Советот на Општината, за раководењето и организирањето на работата на Советот, надоместокот од член 3 се зголемува за 30%.

Според членот 5 од Одлуката, месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се исплатува на членовите на Советот за нивно присуство на седници на Советот што ќе се одржат во тековниот месец. Според став 2 од истиот член, месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се намалува за 30 % за секое отсуство на членовите на Советот од седниците на Советот што се одржуваат во тековниот месец. Според став 3 од истиот член, месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот не му се исплатува на членот на Советот, доколку членот на Советот не присуствувал на ниту една седница на Советот во тековниот месец. Според став 4 од истиот член, месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува доколку Советот во тековниот месец не одржал седница.

Според членот 6 од Одлуката, на членовите на Советот им се утврдува месечен надоместок во износ од 8.000,00 денари за трошоци за присуство на седници на Комисии на Совет, за работа на терен и други трошоци за извршување на задачи кои произлегуваат од работата на Советот, за непосредно следење на определни прашања за ефикасно функционирање на Советот, за контакти со граѓани и институции, за посета на определени објекти во населените места во Општината и други задачи.

Според членот 7 од Одлуката, на членовите на Советот кои се определни да учествуваат при склучување на бракови, им се определуваат трошоци од 1000, 00 денари за секој ден на присуство при склучување на бракови, без оглед на тоа колку бракови се склучени во тој ден.

Според членот 8 од Одлуката, на членовите на Советот им се исплатуваат надоместоци за патни и дневни трошоци за службени патувања во земјата и странство, според прописите кои се однесуваат на државните службеници вработени во општинската администрација на Општина Ѓорче Петров.

Според членот 9 од Одлуката, надоместок за присуство на седници и надоместоците за патни и дневни трошоци на членовите на Советот ќе се пресметуваат и исплатуваат согласно оваа Одлука, преку Секторот за финансии и локален економски развој на Општина Ѓорче Петров.

Според членот 10 од Одлуката, со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на надоместоците за присуство на седници и за патни и дневни трошоци на членовите на Советот на Општина Ѓорче Петров бр. 10-822/1 од 30.05.2005 година донесени од Комисијата за мандатни прашања и избор и именувања.

Со член 11 од Одлуката се утврдува дека оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров".

6. Согласно член 8 став 1 алинеи 3 и 9 од Уставот, владеењето на правото и локалната самоуправа се темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија.

Согласно член 51 од Уставот, во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Согласно член 52 став 1 од Уставот, законите и сите други прописи се објавуваат пред да влезат во сила. Според став 4 од истата одредба, законите и другите прописи не можат да имаат повратно дејство, освен по исклучок, во случаи кога тоа е поповолно за граѓаните.

Според член 45 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002) членовите на Советот имаат право на надоместок за присуство на седница и надоместоци на патни и дневни трошоци во рамки утврдени со закон.

Согласно членот 100 од истиот Закон кој е поместен во Глава XV „Преодни и завршни одредби", членовите на советот ќе примаат надоместок за присуство на седница на советот без оглед на нејзиното времетраење, најмногу до 30% од просечната месечна нето плата во Република Македонија исплатена во последните три месеци, а надоместоците за патните и дневните трошоци ќе им се исплатуваат според прописите кои се однесуваат на државните службеници.

Според член 1 од Законот за дополнување на Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката („Службен весник на Република Македонија" бр. 121/2007) во Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката („Службен весник на СРМ" број 36/90 и „Службен весник на Република Македонија" број 38/91, 23/97, 37/2005 и 84/2005), по Дел "V. Надоместок на определени материјални трошоци и други примања" се додава дел V-а со пет нови членови 29-а, 29-б, 29-в, 29-г и 29-д.

Во Делот V-а, се предвидени надоместоците на членовите на советите на општините и на членовите на Советот на градот Скопје.

Според член 29-а, од наведениот закон на членовите на советите на општините и на членовите на Советот на градот Скопје им припаѓа месечен надоместок за присуство на седниците на советот и надоместок на патните и дневните трошоци. Според ставот 2 на истиот член, средствата за исплата на надоместоците од ставот 1 на овој член се обезбедуваат во буџетот на општината и во Буџетот на градот Скопје.

Според член 29-б од наведениот закон месечниот надоместок за присуство на седници на советот се утврдува во процентуален износ од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година, но не повеќе од 84%. Според став 2 од истиот член, висината на месечниот надоместок за присуство на седниците се утврдува со одлуката за извршување на буџетот на општината и Буџетот на градот Скопје.

Според член 29-в од истиот закон, на претседателите на советите на општините и на претседателот на Советот на градот Скопје, за раководењето и организирањето на работата на советот, надоместокот од членот 29-б се зголемува за 30%.

Според член 29-г од Законот, месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се исплатува за присуство на сите седници на советот во тековниот месец. Според став 2 од истиот член, месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се намалува за 30% за секое отсуство од седница на советот. Според став 3, месечниот надоместок за присуство на седниците на советот не се исплатува, доколку членот на советот не присуствувал на ниту една седница на месецот во тековниот месец. Според став 4, месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува, доколку советот во тековниот месец не одржал седница.

Според член 29-д од Законот, на членовите на советите на општините и на членовите на Советот на градот Скопје им се исплатуваат надоместоци за патни и дневни трошоци за службени патувања во земјата и странство според прописите кои се однесуваат на државните службеници вработени во општинската администрација и во администрацијата на градот Скопје.

Имајќи ги предвид одредбите од членовите 45 и 100 од Законот за локалната самоуправа, произлегува дека законодавецот го утврдил правото на надоместок за присуство на седница и правото на надоместок на патни и дневни трошоци за членовите на советот.

Притоа, во Законот за локалната самоуправа, законодавецот правото на надоместок за присуство на седница на членовите на советот не само што го утврдил туку и го лимитирал и тој може да изнесува најмногу до 30% од просечната плата во Република Македонија исплатена во последните три месеци, а во однос на висината на патните и дневни трошоци на членовите на советот упатува на примена на прописите кои се однесуваат на државните службеници. Исто така, законодавецот наведува дека овој надоместок ќе биде утврден додека не се донесе новиот закон. Со Законот за дополнување на Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката („Службен весник на Република Македонија" бр. 121/2007) попрецизно е уредено прашањето на надоместоците на членовите на советите на општините и на членовите на Советот на градот Скопје.

Тргнувајќи од содржината на членот 29-б став 2 од наведениот закон произлегува дека советот на општината има право да ја определува висината на надоместокот за присуство на седници на советот која висина се утврдува во процентуален износ од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година што не е повеќе од 84%, а тој е врзан со законската обврска според која наведената висина Советот мора да ја утврди со одлуката за извршување на Буџетот на општината.

Имајќи ја предвид оспорената Одлука бр. 07-2573/4 од 12.11.2007 година која определува надоместок за присуство на седници и надоместок за патни и дневни трошоци на членовите на Советот на општина Ѓорче Петров и дека надоместокот не е утврден во согласност со ставот 2 на членот 29-б од Законот за дополнување на Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката, Судот утврди дека одлуката на е во согласност со овој закон.

Судот особено ги имаше предвид членовите 6 и 7 од оспорената Одлука, бидејќи тие за време на важењето на Одлуката не биле во согласност со наведените одредби од Законот за локалната самоуправа и Законот за дополнување на Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката од причина што во цитираните законски одредби се предвидува надвор од определените законски рамки надоместок во фиксен износ од 8.000,00 денари за трошоци за присуство на седници на Комисии на Совет, за работа на терен и други трошоци за извршување на задачи кои произлегуваат од работата на Советот, за непосредно следење на определни прашања за ефикасно функционирање на Советот, за контакти со граѓани и институции, за посета на определени објекти во населените места во Општината или пак при склучување на бракови, без оглед на тоа колку бракови се скучени во тој ден.

Судот имаше предвид дека во текот на постапката оспорената Одлука престанала да важи, меѓутоа врз основа на истата се вршени исплати на надоместоци за кои немало уставна и законска основа, при што Одлуката имала и ретроактивно дејство, поради што Судот оцени дека истата не била во согласност со Уставот и овој Закон во време на нејзиното важење, согласно член 70 алинеја 6 од Деловникот на Уставниот суд.

7. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

8. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот д-р Трендафил Ивановски и судиите д-р Наташа Габер–Дамјановска, Исмаил Дарлишта, Лилјана Ингилизова Ристова, Вера Маркова, Бранко Наумоски, Игор Спировски, д-р Гзиме Старова и д-р Зоран Сулејманов.

У.бр.244/2008
1 април 2009 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Македонија,
д-р **Трендафил Ивановски**, с.р.

---

## СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**851.**

Врз основа на член 44 и 45 од Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 60/2006 од 15.05.2006 година), Судскиот совет на Република Македонија, објавува

### О Г Л А С

- За избор на претседател на Основен суд Гостивар;
- За избор на претседател на Основен суд Куманово;
- За избор на претседател на Основен суд Ресен;
- За избор на претседател на Основен суд Скопје I Скопје и
- За избор на претседател на Основен суд Крушево.

Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат условите предвидни во член 45 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/06), да е државјанин на Република Македонија, активно да го владее македонскиот јазик, да е работо способен и да има општа здравствена способност, да има стекнато универзитетска диплома за дипломиран правник во Република Македонија или нострифицирана диплома од правен факултет од странство и да има положен правосуден испит во Република Македонија), член 47 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/06), кандидатот за претседател на суд кој се избира од редот на судиите во Република Македонија за време од четири години да предложи програма за работа во текот на мандатот), пријавите со потребните документи во оригинал или во заверена копија, да ги поднесуваат до Судскиот совет на Република Македонија во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката во „Службен весник на Република Македонија“.

Некомплетните документи нема да се разгледуваат.

Бр. 07-969/1
10 април 2008 година
Скопје

Судски совет
на Република Македонија
Претседател,
**Васил Грчев,** с.р.

---

## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**852.**

Врз основа на член 19, алинеа 6 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ” бр. 63/06, 36/07 и 106/08) и член 6 од Тарифниот систем за продажба на природен гас на тарифни потрошувачи („Службен весник на РМ” бр.94/05), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 10 април 2009 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПРОДАЖНА ЦЕНА НА ПРИРОДЕН ГАС ВО ВТОРИОТ КВАРТАЛ ОД 2009 ГОДИНА

Член 1

Продажната цена на природниот гас во вториот квартал од 2009 година се определува да изнесува 17,7995 ден/нм$^3$.

Во продажната цена на природниот гас од ставот 1 на овој член, содржани се трошоците сврзани со набавката на природниот гас (набавната цена се состои од увозна цена на природниот гас со вклучени зависни трошоци) во износ од 17,6218 ден/нм$^3$ и цена за трговија и снабдување на тарифните потрошувачи непосредно приклучени на системот за пренос на природен гас во износ од 0,1777 ден/нм$^3$.

Во продажната цена од став 1 на овој член, не е содржана цената за пренос и управување со системот за пренос на природниот гас во износ од 2,2170 ден/нм3, која тарифниот потрошувач непосредно приклучен на системот за пренос е должен да ја плати за вршењето на овие услуги.

Во продажната цена од став 1 на овој член и во цената за преносот и управување со системот за пренос на природниот гас од став 3 на овој член не е содржан данокот на додадена вредност во вкупен износ од 3,6030 ден/нм$^3$.

Вкупниот надоместок кој што треба да го платат тарифните потрошувачи непосредно приклучени на системот за пренос на природен гас, во согласност со став 1, 3 и 4 на овој член, во вториот квартал од 2009 година изнесува 23,6195 ден/нм$^3$.

Член 2

Продажната цена на природниот гас од членот 1 на оваа одлука е утврдена со примена на просечен продажен курс на САД доларот од 47,9839 денари за еден САД долар.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 02-935/1
10 април 2009 година Претседател,
Скопје **Славе Ивановски**, с.р.

---

**853.**

Врз основа на член 19, алинеја 7 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ" бр. 63/06, 36/07 и 106/08), член 28 од Законот за акцизите ("Службен весник на РМ" бр. 32/01, 50/01, 52/01, 45/02, 98/02, 24/03, 96/04 и 38/05), член 28 и 29 од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на РМ" бр. 44/99, 59/99, 86/99, 11/00, 8/01, 21/03 и 19/04), Законот за животната средина („Службен весник на РМ" бр. 53/05), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 13.04.2009 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКИ ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ УТВРДЕНИ СОГЛАСНО МЕТОДОЛОГИЈАТА

Член 1

Претпријатијата кои произведуваат деривати од нафта можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати така што највисоките производни цени да изнесуваат и тоа:

| | |
|---|---|
| а) Моторни бензини | ден/лит |
| - ЕУРОСУПЕР – 95 | до 20,639 |
| - ЕУРОСУПЕР – 98 | до 21,709 |
| - МБ-96 (ПРЕМИУМ) | до 20,467 |
| б) Дизел гориво | ден/лит |
| - ЕУРОДИЗЕЛ (Д-Е IV) | до 21,751 |
| в) Масло за горење | ден/лит |
| - екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | до 21,443 |
| г) Мазут | ден/кг |
| - М-2 | до 15,288 |

Член 2

Претпријатијата и другите правни и физички лица, што вршат промет на нафтени деривати и увозници (во натамошниот текст: претпријатија) ги формираат цените за одделни нафтени деривати така што:

А. Највисоките малопродажни цени (1 ГРУПА НА ЦЕНИ) да изнесуваат и тоа:

| | |
|---|---|
| а) Моторни бензини | ден/лит |
| - ЕУРОСУПЕР - 95 | до 54,50 |
| - ЕУРОСУПЕР - 98 | до 56,00 |
| - МБ-96 (ПРЕМИУМ) | до 57,50 |
| б) Дизел гориво | ден/лит |
| - ЕУРОДИЗЕЛ (Д-Е IV) | до 44,50 |
| в) Масло за горење | ден/лит |
| - екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | до 33,50 |
| г) Мазут | ден/кг |
| - М-2 | до 18,689 |

Б. Претпријатијата што вршат промет на нафтени деривати можат да ги формираат цените за одделни нафтени деривати во однос на највисоките цени од точката А на став 1 на овој член (1 ГРУПА НА ЦЕНИ), освен од потточката "г" и тоа: за 0,5 ден/лит пониски (2 ГРУПА НА ЦЕНИ), за 1,00 ден/лит пониски (3 ГРУПА НА ЦЕНИ) и за 1,5 ден/лит пониски (4 ГРУПА НА ЦЕНИ), согласно следната табела и да изнесуваат:

| НАФТЕН ДЕРИВАТ | ( 2 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит | ( 3 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит | ( 4 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит |
|---|---|---|---|
| ЕУРОСУПЕР - 95 | 54,00 | 53,50 | 53,00 |
| ЕУРОСУПЕР - 98 | 55,50 | 55,00 | 54,50 |
| МБ - 96 (ПРЕМИУМ) | 57,00 | 56,50 | 56,00 |
| ЕУРОДИЗЕЛ (Д-Е IV) | 44,00 | 43,50 | 43,00 |
| Е Л -1 - ЕКСТРА ЛЕСНО 1 | 33,00 | 32,50 | 32,00 |

Претпријатијата што вршат промет на нафтени деривати можат да вршат промет на секој дериват поодделно по една од цените утврдени за тој дериват во една од групите на цени определени согласно оваа одлука.

Цените од сите четири ценовни групи формирани согласно став 1 на овој член, освен цената за мазутот М-2, важат франко пумпна станица, а цената на мазутот М-2 важи франко производител во земјата.

Во цените од сите четири ценовни групи формирани согласно став 1 на овој член, освен во цената за мазутот М-2, содржани се и трошоците за превоз од 0,50 ден/литар.

Во малопродажните цени формирани согласно овој член содржан е данокот на додадена вредност согласно Законот.

Член 3

Во малопродажните цени утврдени со членот 2 од оваа Одлука содржан е надоместокот за финансирање на активностите во областа на животната средина кои согласно Законот за животната средина го плаќаат обврзниците утврдени со овој закон и тоа:

а) Моторни бензини ден/лит
- ЕУРОСУПЕР - 95 до 0,080
- ЕУРОСУПЕР - 98 до 0,080
- МБ-96 (ПРЕМИУМ) до 0,150

б) Дизел гориво ден/лит
- ЕУРОДИЗЕЛ (Д-Е IV) до 0,030

в) Масло за горење ден/лит
- екстра лесно 1 (ЕЛ-1) до 0,040

г) Мазут ден/кг
- М-2 до 0,050

Член 4

Во малопродажните цени утврдени со членот 2 од оваа одлука акцизите кои ги плаќаат обврзниците согласно Законот изнесуваат и тоа:

а) Моторни бензини ден/лит
- ЕУРОСУПЕР - 95 до 21,767
- ЕУРОСУПЕР - 98 до 21,969
- МБ-96 (ПРЕМИУМ) до 24,412

б) Дизел гориво ден/лит
- ЕУРОДИЗЕЛ (Д-Е IV) до 12,231

в) Масло за горење ден/лит
- екстра лесно 1 (ЕЛ-1) до 3,207

г) Мазут ден/кг
- М-2 до 0,100

Член 5

Во малопродажните цени утврдени согласно членот 2 од оваа одлука, трошоците на прометот на секој поодделен нафтен дериват од секоја ценовна група изнесуваат:

| НАФТЕН ДЕРИВАТ | Ед. мерка | (1 ГРУПА НА ЦЕНИ) | ( 2 ГРУПА НА ЦЕНИ) | (3 ГРУПА НА ЦЕНИ) | (4 ГРУПА НА ЦЕНИ) |
|---|---|---|---|---|---|
| ЕУРОСУПЕР - 95 | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| ЕУРОСУПЕР - 98 | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| МБ - 96 (ПРЕМИУМ) | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| ЕУРОДИЗЕЛ (Д-Е IV) | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| Е Л 1 - ЕКСТРА ЛЕСНО 1 | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| МАЗУТ М - 2 | ден/кг | 0,400 | 0,400 | 0,400 | 0,400 |

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе се применува од 00,01 часот на 14.04.2009 година.

Бр. 02-956/1
13 април 2009 година
Скопје

Претседател,
**Славе Ивановски,** с.р.

## АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

**854.**

Врз основа на член 30 став 3 од Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/07 и 05/09), директорот на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој донесе

### П Р А В И Л Н И К ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ЛЕГИТИМАЦИЈАТА НА КОНТРОЛОРИТЕ КАКО И НАЧИНОТ НА НЕЈЗИНО ИЗДАВАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на легитимацијата на контролорите, како и начинот на нејзиното издавање и одземање.

Член 2

(1) Легитимацијата на контролорите (во понатамошниот текст: легитимација) се издава на образец кој се печати на хартија со светлозелена боја, со димензии 6 X 9,5 сантиметри и е обложена со пластична фолија.

(2) На предната страна на легитимацијата е претставен грбот на Република Македонија и ги содржи натписите: „Република Македонија“, „Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој“, “ЛЕГИТИМАЦИЈА” и „КОНТРОЛОР“. Во левиот дел има место за фотографија со димензии 2,5 х 3 см., име и презиме на контролорот, серискиот број на легитимацијата, потпис на директорот и место за печат.

(3) Задната страна на легитимацијата го содржи следниот текст: “Имателот на оваа легитимација е овластен да ги врши сите дејствија предвидени со Закон за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/2007 и 05/2009)“. Под тексотот е впишан датумот на издавање на легитимацијата.

(4) Легитимација е сместена во кожна обвивка изработена од мазна дупло штепована и дополнително укрутена кожа во црна боја. Кожната обвивка се состои од три дела со димензии 7х 30 см, а кога е склопена со димензии 7х10 см. Во средниот дел од внатрешната страна има изработено пластичен џеб за легитимацијата.

(5) Образецот на легитимацијата е даден во прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

(1) Одзмемањето на легитимација може да биде привремено или трајно.

(2) Привремeното одземање на легитимацијата се врши во случај на суспендирање на контролорот и трае се додека трае и причината за суспендирање.

(3) Трајно одземање на легитимацијата се врши во случај на престанување на службеното својство на контролорот.

Член 4

(1) Контролорот кој ќе ја загуби легитимацијата или на друг начин ќе остане без неа, должен е веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа писмено да извести за истото и да поднесе барање за издавање на нова легитимација со приложување на доказ дека изгубената легитимацијата ја огласил за неважечка.

(2) Во случај на губење на легитимација, контролорот ја огласува за неважечка на сопствен трошок.

(3) Во случај на став 1 на овој член, се издава нова легитимација.

Член 5

Легитимацијата се заменува со нова во случај на дотраеност или оштетување односно промена на лични податоци.

Член 6

(1) Легитимациите кои се одземаат или заменуваат се поништуваат.

(2) За поништувањето на легитимацијата се составува записник кој го потпишува имателот на легитимацијата и лицето овластено за издавање на легитимација.

(3) Поништените легитимации се бришат од евиденцијата.

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-1240/2
30 март 2009 година
Скопје

Директор,
**Тони Димовски**, с.р.

ПРИЛОГ

Образец на легитимација

предна страна

Република Македонија
Агенција за финансиска поддршка во земјоделството
и руралниот развој

(фотографија)
2,5Х3 см

ЛЕГИТИМАЦИЈА

КОНТРОЛОР

________________

________________
(презиме)

________________
Сериски број

М.П. ________________
Потпис на директор

задна страна

Имателот на оваа службена легитимација е овластен да ги врши сите дејствија предвидени со Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој ("Службен весник на Република Македонија" бр.72/2007 и 05/2009) .

Датум на издавање

________________

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**855.**

Врз основа на член 5 од Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на РМ” бр. 70/94, 62/95, 33/97, 50/01, 26/02, 46/02, 37/05, 121/07 и 161/2008), Министерството за труд и социјална политика

**О Б Ј А В У В А**

Просечната месечна плата по работник за месец март 2009 година не може да изнесува помалку од утврдената на ниво на оддел и тоа:

| Оддел. | Назив на одделот | Износ |
|---|---|---|
| 01. | Земјоделство, лов и соодветни услужни активности | 9.851 |
| 02. | Шумарство, искористување на шуми и соодветни услужни активности | 14.757 |
| 05. | Улов на риба, одгледување на риби и услужни активности во рибарството | 8.415 |
| 10. | Вадење на камен, јаглен и лигнит, вадење на тресет | 8.990 |
| 11. | Вадење на сурова нафта и природен гас и услужни активности во производството на нафта и гас, освен истражувања | 0 |
| 12. | Вадење на руда на уран и ториум | 0 |
| 13. | Вадење на руди на метал | 15.634 |
| 14. | Вадење на други руди и камен | 12.539 |
| 15. | Производство на прехранбени производи и пијалаци | 12.916 |

| | | |
|---|---|---|
| 16. | Производство на тутунски производи и ферментација на тутун | 13.413 |
| 17. | Производство на текстилни ткаенини | 6.748 |
| 18. | Производство на облека; доработка и боење на крзно | 6.878 |
| 19. | Штавење и доработка на кожа, производство на куфери, рачни торби, седла, сарачки производи и обувки | 6.380 |
| 20. | Преработка на дрво, производи од дрво и плута, освен мебел, производство на предмети од слама и плетарски материјал | 6.488 |
| 21. | Производство на целулоза, хартија и производи од хартија | 12.232 |
| 22. | Издавачка дејност, печатење и репродукција на снимени медиуми | 13.736 |
| 23. | Производство на кокс, деривати и нафта и нуклеарно гориво | 23.698 |
| 24. | Производство на хемикалии и хемиски производи | 22.788 |
| 25. | Производство на производи од гума и производи од пластични маси | 7.467 |
| 26. | Производство на производи од други неметални минерали | 16.474 |
| 27. | Производство на основни метали | 12.821 |
| 28. | Производство на метални производи во металопреработувачката фаза, освен машини и уреди | 8.071 |
| 29. | Производство на машини и уреди, неспомнати на друго место | 11.883 |
| 30. | Производство на канцелариски машини и компјутери | 19.160 |
| 31. | Производство на електрични машини и апарати, неспомнати на друго место | 10.065 |
| 32. | Производство на радио, телевизиска и комуникациона опрема и апарати | 14.132 |
| 33. | Производство на прецизни медицински и оптички инструменти и часовници | 20.409 |
| 34. | Производство на моторни возила, приколки и полуприколки | 8.596 |
| 35. | Производство на други сообраќајни средства | 11.870 |
| 36. | Производство на мебел и други разновидни производи, неспомнати на друго место | 7.327 |
| 37. | Рециклажа | 8.852 |
| 40. | Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и топла вода | 25.239 |
| 41. | Собирање, пречистување и дистрибуција на вода | 14.388 |
| 45. | Градежништво | 11.953 |
| 50. | Продажба, одржување и поправка на моторни возила и мотоцикли, продажба на мало на моторни горива | 20.489 |
| 51. | Трговија на големо и посредничка трговија, освен трговија со моторни возила и мотоцикли | 16.597 |
| 52. | Трговија на мало, освен трговија со моторни возила и мотоцикли; поправка на предмети за лична употреба и за домаќинствата | 10.128 |
| 55. | Хотели и ресторани | 11.685 |
| 60. | Копнен сообраќај, цевоводен транспорт | 13.314 |
| 61. | Воден сообраќај | 0 |
| 62. | Воздушен сообраќај | 28.790 |
| 63. | Придружни и помошни активности во сообраќајот; активности на патничките агенции | 21.928 |
| 64. | Поштенски активности и телекомуникации | 22.723 |
| 65. | Финансиско посредување, освен осигурување и пензиски фондови | 25.547 |
| 66. | Осигурување и реосигурување, пензиски фондови, освен задолжителна социјална заштита | 28.164 |
| 67. | Помошни активности во финансиското посредување | 26.847 |
| 70. | Активности во врска со недвижен имот | 20.497 |
| 71. | Изнајмување на машини и опрема без ракувач и изнајмување на предмети за лична употреба и за домаќинствата | 12.900 |
| 72. | Компјутерски и сродни активности | 20.443 |
| 73. | Истражување и развој | 17.414 |
| 74. | Други деловни активности | 13.517 |
| 75. | Јавна управа и одбрана; задолжителна социјална заштита | 18.747 |
| 80. | Образование | 14.525 |
| 85. | Здравство и социјална работа | 16.372 |
| 90. | Отстранување на отпадни води и ѓубре, санитарни и слични активности | 13.330 |
| 91. | Дејност на организации врз база на зачленување | 19.331 |
| 92. | Рекреативни, спортски, културни и забавни активности | 13.476 |
| 93. | Други услужни дејности | 8.516 |
| 95. | Дејност на домаќинствата како работодавачи на домашен персонал | 0 |
| 96. | Неиздиференцирани дејности на приватните домаќинства за производство на стоки за сопствени потреби | 0 |
| 97. | Неиздиференцирани дејности на приватните домаќинства за извршување услуги за сопствени потреби | 0 |
| 99. | Екстериторијални организации и тела | 0 |

Месечно даночно ослободување 7.000.

Министер,
**Џељаљ Бајрами,** с.р.




## П О Р А Ч К А БР. 48

**Со ова неотповикливо го порачувам изданието Лексикон на поими во јавните набавки во _______ примероци.**

**Доказот за извршена уплата на жиро с-ка 300000000188798 и порачката ги испраќаме по пошта на адреса бул. „Партизански одреди" бр. 29, п. фах 51, 1000, Скопје, или на телефакс број + 389-2-551-24-01.**

**Порачател: ____________________________ Место: ______________________**
**ул. ____________________________ бр. ____________, тел./факс ______________________**

**Потпис на порачателот**

**Во __________, ________2009 година. (М.П.) ____________________**

# ИЗДАНИЈА НА ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РМ

| Р.бр | Изданија | Цена |
|---|---|---|
| | | денари |
| 1 | **Устав на Република Македонија** (*со сите амандмани од I-XXX) на македоноски и на англиски јазик (во една книга), голем формат, 2007* | 200,00 |
| 2 | **Устав на Република Македонија** (*со сите амандмани од I-XXX) на македонски јазик, мал формат, 2007* | 150,00 |
| 3 | **Спорот за името меѓу Грција и Македонија** *- студентски проект -* | 800,00 |
| 4 | **Закон за кривичната постапка** *(редаккциски пречистен текст), 2008* | 450,00 |
| 5 | **Закон за парничната постапка** *(издание 2008)* | 350,00 |
| 6 | **Закон за извршување** *(редакциски пречистен текст), 2008* | 300,00 |
| 7 | **Закон за катастар на недвижности** *(издание 2008)* | 200,00 |
| 8 | **Закон за работните односи** *(редакциски пречистен текст), 2008* | 300,00 |
| 9 | **Закон за обезбедување на побарувањата Закон за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити** *(со подзаконски акти) (редакциска збирка), 2007* | 200,00 |
| 10 | **Закон за безбедност на сообраќајот на патиштата** *(редакциска збирка), 2007* | 400,00 |
| 11 | **Закон за нотаријатот** *(издание 2007 )* | 250,00 |
| 12 | **Закон за банките** *(издание 2007)* | 300,00 |
| 13 | **Закон за заштита од бучава во животна средина** *(издание 2007)* | 100,00 |
| 14 | **Закон за Државното правобранителство** *(издание 2007)* | 50,00 |
| 15 | **Закон за управните спорови** *(издание 2007)* | 80,00 |
| 16 | **Закон за сопственост и други стварни права** *(издание 2007)* | 150,00 |
| 17 | **Збирка на прописи од областа на земјоделството** *(редакциска збирка), 2007* | 500,00 |
| 18 | **Закон за ветеринарно јавно здравство Закон за ветеринарно здравство Закон за заштита и благосостојба на животните** *(редакциска збирка), 2007* | 400,00 |
| 19 | **Закон за прекршоците Закон за прекршоците против јавниот ред и мир** *(редакциска збирка), 2007* | 150,00 |
| 20 | **Закон за минералните суровини** *(издание 2007)* | 120,00 |
| 21 | **Закон за пензиското и инвалидското осигурување** *Станка Трајкова и Олгица Костова (со коментар и прилози), 2006* | 700,00 |
| 22 | **Изборен законик** *(редакциски пречистен текст), 2008* | 200,00 |

| Р.бр | Изданија | Цена |
|---|---|---|
| | | денари |
| 23 | **Закон за стечај** *Д-р Кирил Чавдар (со објаснувања, судска практика и Предметен регистар), 2006* | 600,00 |
| 24 а) | **Збирки на прописи од областа на локалната самоуправа,** *2004.* **I книга –** *(Законите за: локалната самоуправа; територијална организација на локалната самоуправа; за градот Скопје; финансирање на единиците на локалната самоуправа и Законот за локалните избори – редакциски пречистен текст)* | 280,00 |
| б) | **II книга –** *(Законите за: комуналните такси; даноците на имот; угостителска дејност; туристичка дејност и Законот за вршење на занаетчиска дејност)* | 210,00 |
| в) | **III книга –** *(Законите за: основното образование; средното образование; заштита на децата и Законот за социјалната заштита – редакциски пречистени текстови)* | 245,00 |
| г) | **IV книга –** *(Закон за управување со отпадот; Закон за заштита на природата; Закон за квалитетот на амбиентниот воздух)* | 245,00 |
| д) | **Комплет од четирите книги - Збирки на законите од областа на локалната самоуправа,** *2004* | 840,00 |
| 25 | **Збирка на прописи** *(Законите за: градење; просторно и урбанистичко планирање; животната средина), (редакциска), 2005* | 210,00 |
| 26 | **Збирка на меѓународни конвенции од областа на кривичното право,** *2000* | 80,00 |
| 27 | **Закон за спречување на корупцијата** *со закони за ратификација на конвенции Д-р Јован Проевски (со објаснувања), 2002* | 80,00 |
| 28 | **Закон за денационализација** *Д-р Стефан Георгиевски, 2000 (со коментар, објаснувања и обрасци)* | 160,00 |
| 29 | **Закон за високото образование,** *2008* | 200,00 |
| 30 | **Закон за поштенските услуги,** *2008* | 150,00 |
| 31 | **Закон за вонпарнична постапка,** *2008* | 200,00 |
| 32 | **Закон за јавните патишта,** *2008* | 120,00 |
| 33 | **Закон за концесии и други видови на јавно приватно партнерство,** *2008* | 150,00 |
| 34 | **Закон за договорен залог,** *2008* | 150,00 |
| 35 | **Закон за основното образование,** *2008* | 200,00 |
| 36 | **Закон за јавна чистота,** *2008* | 100,00 |
| 37 | **Закон за водите,** *2008* | 300,00 |
| 38 | **Збирка на прописи за судовите,** *(Законите за: судовите; судскиот буџет; Судскиот совет; платите на судиите; судска служба), 2008* | 400,00 |
| 39 | **Збирка на прописи за безбедност и здравје при работа,** *2009* | 200,00 |
| 40 | **Лексикон на поими во јавните набавки,** *2009* | 400,00 |
| 41 | **Закон за вработувањето и осигурување во случај на невработеност,** *2009* | 150,00 |
| 42 | **Закон за азил и привремена заштита,** *2009* | 150,00 |
| 43 | **Закон за семејството,** *2009* | 250,00 |
| 44 | **Закон за просторно и урбанистичко планирање,** *2009* | 200,00 |

## П О Р А Ч К А БР. 48

Со ова неотповикливо ги порачуваме изданијата под реден број _____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци; р.бр. _____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци.

Доказот за извршена уплата на жиро с-ка 300000000188798 и порачката ги испраќаме по пошта на адреса бул. „Партизански одреди" бр. 29, п. фах 51, 1000, Скопје, или на телефакс број + 389-2-551-24-01.

**Порачател:** ________________________________________

**Место:** _________, **ул.** ____________________, **бр.** ______, **тел./факс** ____________

**Потпис на порачателот**

**Во** _________, ________**2009 година.** **(М.П.)** ____________________



www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје**
**бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.**
**Телефон: +389-2-5512400.**
**Телефакс: +389-2-5512401.**

**Претплатата за 2009 година изнесува 9.200,00 денари.**
**„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.**
**Рок за рекламации 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.**
**Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.**

ISSN 0354-1622

2009048